**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Четириест и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 2009 година**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,21 часот.

Седница ја отвори и со неа претседаваше г-динот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 48-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Христина Рунчева, Фијат Цаноски, Тито Петковски, Соња Мираковска, Горан Мисовски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Имер Алиу, Томе Чинговски, Андреј Петров, Игор Ивановски, Лилјана Затуроска, Амди Бајрам, Горан Минчев, Миле Андонов, Андреј Жерновски, Хисни Џемаили, Имер Селмани, Сулејман Рушити, Ѓорѓи Оровчанец, Маринела Тушева и Јулијета Марку ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за образование, наука и спорт, како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија заменикот минситер за образование и наука, госпоѓа Грковска Лошкова Славица, господин Макрадули Јани, господин Грозданов Цветко, господин Бучковски Владо, госпоѓа Бендевска Весна, господин Лазарев Јован, господин Николов Марјанчо и госпоѓа Иванова Цветанка.

Има збор заменикот минситерот за образование и наука, а претходно од службите да се подели листингот на пријавени пратеници.

Има збор заменикот минситер за образование и наука, повелете.

**Линдита Ќазими:** Ви благодарам претседателе.

Владата на Република Македонија, за да ја реализира поуспешно својата идеа за новиот универзитет, ангажира посебна меѓународна група професори и експерти од подрачјето на информатичките технологии и организирање на образованието и истражувањето. Таа група имаше задача да предложи модел на организирање на универзитетот што ќе биде ефикасен во извршувањето на своите задачи, односно образование на кадри за потребите на домашната индустрија и создавање база на привлекување странски трендови од таа област, како и развоен пат за понатамошно организирање на магистерски и докторски студии што би се организирале по реализација на основната задача за образование, а би се поврзале со реалните потреби на домашната индустрија и научно истражувачката заедница.

Во таа насока ви се воспоставиле релации да надворешните партнери во светот кои дел од своите истражувања би ги насочиле, преку финансирање на кадри кои ќе работат магистерски и докторски проекти во Македонија.

Имајки ги предвид согледувањата, препораките и предлозите од двата приоди за реализација на идеата за подобрување на образованието и тенденциите за одвивање на процесот на формирање на универзитетот, со несмалена динамика беа преземени конкретни активности.

Со предложените изменувања у дополнувања на Законот за УИТ се врши промена на седиштето на универзитетот од Скопје во Охрид и се намалува бројот на факултетите од 7 факултети и два институти на 5 факултети.

Единиците кои ќе бидат дел на овој универзитет, во состав на универзитетот се: Факултет за компјутерски науки и инжињерство, факултет за комуникациски мрежи и безбедност, факултет за машинска интелигентица и роботика, факултет за информатички системи, визуелизација дигитална, мултимедијална и анимациска техника и факултет за информациони теории и анализи. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, претставници на Владата,

Собранието на Република Македонија на 30 јуни 2008 година го донесе Законот за основање Универзитет за информатички технологии во Скопје и тогаш, по обемната дебата во Собранието и на комисиите, како пратеничка група укажувавме дека е преамбициозно и несериозно еден ваков проект да започне на 30 јуни а да се предвидува да почне да функционира на 15 септември истата година. Меѓутоа, тогаш бевме уверувани дека подготовките се во тек, дека ќе следи ребаланс на Буџетот и ќе бидат обезбедени соодветните средства и дека веќе се направени разговори со наставен кадар од странство кои се граѓани на Република Македонија и кои се подготвени да се вратат во Република Македонија, да инвестираат со своето знаење во сопствената држава и тој универзитет да почне да работи. И покрај тоа што немаше детална финансиска конструкција и покрај тоа што сметавме дека таквите решенија се избрзани и одат на штета на квалитетот на образованието, заради општото добро, односно потребата навистина од постоење на еден ваков универзитет, специјализирање за информатички

технологии и за продукција на такви кадри во Република Македонија, ние ја дадовме подршката за основање на тој универзитет.

Рековме дека и покрај се, ете, ќе веруваме дека навистина е се подготвено за два месеци тој универзитет да почне да функционира. Уште повеќе што партискиот одбор за акредитација, чиј претседател е кандидатот за претседател на ВМРО-ДПМНЕ господинот Ѓорѓи Иванов, во своето позитивно мислење, дадено сепак со услов, дека треба да се приложи фискален образец и дека ваквиот универзитет треба да постои до колку се обезбедат дополнителни финансиски средства и до колку на тој начин не се спречи функционирањето на останатите високообразовни институции во Република Македонија.

За сметка на тоа, наместо функционирање на тој универзитет, ние денеска се соочуваме со нов предлог за формирање на универзитет. Зошто велам нов? Заради тоа што, согласно членот 42 од Законот за високо образование, сите услови, согласно овој член се исполнети да престане да функционира Универзитетот за информатички технологии што Собранието на Република Македонија дозволило, со Закон, да почне да функционира од 30 јуни 2008 година.

Значи, ниту има просторни услови, ниту има наставен кадар, ниту се обезбедени финансиски средства. Значи, денеска не зборуваме за измена на Законот што сме го донеле тогаш, туку денеска зборуваме за формирање на нов универзитет за информатички технологии, што ќе има седиште во Охрид и што ќе има 5 факултети.

Причината, уште повеќе за Собранието да донесе одлука за престанок на Универзитетот информатички технологии со седиште во Скопје, донесена на 30 јуни, е што во рамките на тој Универзитет требаше да има 7 факултети и два институти, а во рамките на овој се предвидени само пет.

Значи, Собранието ќе го прекрши Законот што самиот го донел, Законот за високо образование, со тоа што денеска ќе даде амин на ваков предлог.

Трагедијата да биде уште поголема, како еден од главните аргументи зошто се предлага ваков закон, се истакнува работењетона Работна група под раководство на Министерството за образование и наука во состав: потпретседателот на Владата за европски прашања господинот Ивица Боцевски, министерот за образование господинот Стојановски, министерот за транспорт и врски господинот Миле Јанакиески, министерот за одбрана господинот Коњановски, професот д-р. Благоја Самаковски и професор д-р. Борче Давитковски. Ниту еден од информатичката сфера. Ниту еден.

Во аргументите за претходниот Закон ни беше кажано дека тој Закон е формиран и предложен благодарение на консултации со меѓународни експерти од инфорамтичката технологија. Значи, во суштина сега имаме два предлози, еден од едната страна, што Собранието го усвоило на 30 јуни како резултат на меѓународни експерти од информатички технологија и овој другиот, денеска, како резултат на некоја работна група од министри во Владата, кои немаат никаква врска со инфорамтика, а ни препорачуваат нов универзитет со 5 факултети и уште не убедуваат дека таквио туниверзитет ќе биде многу подобро решенија за Македонија отколку претходното, што Собранието го донело.

Јас се прашувам зошто да верувам на ваква работна група, што нема никакви ингеренции да постои и да предлага ваков закон, согласно Законот за високо образование, а зошто да не верувам на меѓународнит експерти од информатичка технологија што претходно го дале своето мислење и на кое што ние дадовме подршка.

Трагедијата да биде по образованието најголема е тоа што со сите потези, што Владата денеска ги прави, што ги правеше во образованиеот, се покажа дека ги прави од исклучиво лични, партиски интереси. Ние дадовме подршка за формирање на факултетите и покрај тоа што беа предложени во предизборието на вонредните парламентарни избори, заради тоа што сметавме дека е добро да има високообразовни институции, меѓутоа изразивме скепса дека тие ќе можат да почнат да функционираат, бидејќи беа предложени без анализа, дека се предложени исклучиво од популистички причини во пресрет на новите избори.

Сега, во пресрет на овие избори имаме ваков предлог за формирање на универзитет за информатички технологии во Охрид, на што треба да биде, според сите сознанија, ректор таткото на министерот Веле Самак, Благоја Самаковски. Значи, повторно станува збор за исполнување на нечии лични партиски интереси, повторно во пресрет на некои избори во Република Македонија.

Третирањето на образованието само како популистичка мерка, во пресрет на некои избори во нашата држава, сериозно се одрази на квалитетот на образованието, особено на високото образование со ваккват аполитика.

Нашето Минситерство треба да го повлече овој закон. Во најмала рака, Собранието прво треба да донесе одлука, после обезбедено мислење од Агенцијата за еваулација дека условите за престанок на функционирањето на Универзитетот за информатички технологии во Скопје се исполнети, бидејќи потребниот простор што се наведуваше во мислењето на Одборот за акредитација, а тоа е поранешната касарна во населбата Аеродром не е ставен во функција, нема финансиски средства, нема обезбедено научен кадар, дека тој универзитет треба да престане да постои и за овој закон да добиеме ново мислење од Одборот за акредитација, таков, партиски, каков што е, од господинот Ќорѓи Иванов, од господинот Саркањац и останатите

членови на Извршниот комитет кои се сега на листите на ВМРО-ДПМНЕ . За нив, за Владата тоа не би требало да претставува проблем.

И да видиме, и тој таков, патиски Одбор за акредитација, какво мислење има за формирањето на овој унвиерзитет. Заради тоа што тука нема, за нас, како пратеници, никакви инфорамции дали се исполнети предусловите за формриање на универзитет, а ние тоа мора да го имаме, согласно Законот за високо образование. Ние мораме да го имаме мислењето на Одборот за акредитација, онака како што го имавме на пленарната седница кога расправавме за претходниот закон, заради тоа што тоа е релевантниот документ што нас ќе не стави во позиција да одлучиме ќе подржиме или нема да подржиме формирање на ваков универзитет.

Во законот воопшто нема точно колку финансиски средства ќе ја чини државата формирањето на ваков универзитет. Уште повеќе, Мислењето на Валдата е дека нема потреба од обезбедување дополнителни финансиски средства. Проблемот е што ние никогаш не сме знаеле точбно колку финансиски средства се потребни за постоење на ваков универзитет.

Владата прави сериозен преседан. Проблемот е што не и е прв пат, меѓутоа ваквиот начин на однесување сериозно ќе се одрази на квалитетот на образованието и некој за ова ќе мора да понесе одговорност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Не можам да го скријам моето разочарување од две работи:

Прво, предложениот закон што е овде во собраниска процедура, тоа го знаеме сите, не ги задоволува условите на Деловбникот за ова Собрание. Тоа ќе биде дел од папката - досие за нерегуларностите што се спроведуваат овде во Собранието, што ги собираме и што ќе бидат санкционирани во иднина.

Второ, од арогантниот однос на власта што на нероден Петко му скори капа и на недонесен закон, вчера, се разбира само во “Вечер” објави конкурс за избор на ректор за универзитет што денеска ќе го изгласаме за закон иако сите во Македонија знаат дека тоа ќе биде татко на еден министер, односно господинот Самаковски и

Трето, пред се сум разочаран од заменик министерот во Владата, што е од ДУИ, што дозволува овој универзитет да се вика Македонски универзитет за информатички технологии.

Се додека така ги третираме работите ние не можеме да градиме мултикултурно општество, со почитување на етничките заедници кои живеат во Македонија.

Ова е проектот, почитувани пратеници за овој квазиинформатички универзитет. За 10 минути не можам да ви го прочитам. Ако ви го прочитам ќе ве засмејувам.

Еве, да речеме еден дел - Изборни предмети: танц, музика, поезија, спортови. Тоа од информатичка технологија. Ама, во Македонија, ВМРО-зацијата на општеството, што ќе има далекусежни штетни последици на Македонија и за која што некој ќе одговара во иднина, и таа арогантна политика ја читаме на првата страница, каде што заменик министерот од ДУИ го вели ова:

“Врз основа на политичката програма на ВМРО-ДПМНЕ покрената е иницијатива за основање на универзитет”.

Значи, ВМРО-ДПМНЕ решил дека ќе има универзитет. Сателитите, внатре во Владата гласаат, анонимуси и уметници по поезија, танц и јавање ќе држат информатички предмети во Македонија. И сега сакате јас научно да дебатирам овде, како човек, со 43 стручни трудови во странство од информатичката технологија?! Сакате да полемизираме за тоа?!

Или, навистина, не знам кој дел од ова да одберам за да ви го читам, за да сфатиме што се случува.

На пример, “почетен буџет”. Почетен Буџет, што чини нула, но во ова пишува 175 илјади евра за мултимедиска анимациска лабораторија, каде што опрема за видео игри е 5 илјади евра. Тоа исто е многу битно да имаат. Па, нинтендо ќе купуваат во другата лабораторија. Па, во домашна смарт-лабораторија 100 илјади евра чини плус. Собирајте, ќе стигнеме до крај.

Да не читам за просторот што вели “на оваа лабораторија потребни и се приближно 100 метри квадратни, две или три стандардни хотелски соби”. Бидејки веројатно во Охрид ќе го префрлуваат, ќе се држи во некој хотел.

Друг мултимедијален центар 100 илјади евра. Стигнавме до 375 илјади евра само за она што е напишано овде, без сместување, без друго.

Или, во делот каде што вели како да се дојде до наставниот кадар, се вели да се обезбеди привремен ректор преку дискрециони фондови.

Убава работа, ќе го избереме Самаковски, тап кешот, терај мајсторе. Да се формулира мисијата на институцијата, да се стимулираат со екстра примања. Значи да се стимулираат со екстра примања. Да се прави корупција која што е досега невидена на Универзитетот. Вели: што треба да има во собите? Методи за избор на цимери. ВМРО ДПМЕ, тука мора да си се компатибилни тие. Вештачка лагуна со пристаниште за докови и пристап до вода. Кого правите вие ненормални овде? Како не ви е срам ваков документ, да правите универзитет врз база на вакви односи.

**Трајко Вељаноски:** Господине Јани, употребувајте соодветни зборови.

**Јани Макрадули:** Ова е навреда за наставниот кадар и за секој нормален граѓанин во Република Македонија. Не може тука луѓе кои што се уметници. . .

**Трајко Вељаноски:** Употребувајте соодветни зборови.

**Јани Макрадули:** Простор за забава. Ова е трагедија, ова е срам прво што во Собрание ќе ви помине ваков закон. Владата вели дека ќе чини милион и 25 илјади евра, а службата вика, не. Јас ви гарантирам во досието што го собираме како пратеничка група сите ќе одговараат кога ќе дојде времето. Милион и 25 илјади евра. По кој член. Јас сум тука да го штитам Деловникот. Нула денари ова чини, а Владата вели милион и 25 илјади евра. Јас морам да го штитам Деловникот. Јас го штитам Деловникот, бидејќи вие не го штитите. Вели,театар за целото студентско тело. Нормално и тоа покрај пристаништето треба да има и театар. Доаѓаме до цените плус за тој што е на Самак ортакот, Самаковски, мислам тој е професорот од странство, да немате дилема кои што заедно работат и заедно произведуваат 86 илјади 250 во фаза еден за подготвување на ова му дала Владата. 86 илјади и 250 само за три месеци. Но, тоа според вас чини нула, или во советодавното тело замислете во советодавното тело еден од тие што одлучува е амбасадорот на Македонија во Америка Јолевски. Ни еден, значи повторувам, ни еден професор од Универзитетот Св. Кирил и Методиј, или од Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола, ниту од Гоце Делчев - Штип, каде што има информатичка ниту од Штуловиот универзитет не е вклучен во проектот, ниту еден. Тука ги имаме списоците. Јас почитуван претседателе се борам за почитување на законите во Македонија и на Деловникот во Македонија. Ова е направено на 14 јануари 2009 година. Не знам што ви се случува во Владата, јас не мислам да ги поправам работите во Владата, ама јас ќе се борам за закони во Република Македонија согласно Деловникот и согласно Законот за високо образование, за кои зборуваше и колешката Грковска кој е скршен во 6 точки, во 6 члена. Вели, правила на кампусот. Не е дозволен мотор со внатрешно согорување во кампусот. Мислам, ова ли е материјал за формирање на Универзитет? И после се чудиме зошто нема поддршка овој Универзитет за информатичка технологија. Значи, ниту еден професор од универзитетите во Македонија, ниту еден нема финансиска конструкција, тоа е очигледно. А Универзитетот го прекршува овој закон, 6 точки од Законот за високо образование, од Одборот за акредитација од матичната комисија, од тоа дека не се исполнети условите како три факултети и два институти да формираат универзитет бидејќи е сосема нов концептот. И Универзитет кој што е во функција на фабриката на Благоја Самаковски кој ќе стане ректор за ова, кој да ве потсетам беше многу години на црната листа на САД. Драги мои денес сакате да носите таков закон, Закон кој што не го исполнува ниту Деловникот за работа, повторувам и ќе се борам до крај, не го исполнува Законот за високо образование и за тоа ќе се бориме до крај со серија на прес конференции и Закон кој што само ќе истрпи штета на младите кадри во Република Македонија или на професорскиот и наставниот кадар во Република Македонија. За жал, ова е веројатно најнедостоинствениот предлог што сме го добиле во Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Процедурално има господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател.

Јас барам еден час пауза за консултации во нашата пратеничка група.

**Трајко Вељаноски:** Во ред.

Дали може да завршиме со реплика, а потоа да имаме пауза од еден час.

Реплика има господинот Јован Лазарев.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Јас не знам господинот Макрадули кои документи и кои материјали ги чита. Ние овде добивме Предлог на закон и јас го читам само тој Предлог на закон, другите документи ние ги немаме. Господинот Макрадули изнесе една невистина и ја дезинформира македонската јавност дека се формира македонски универзитет за информатичка технологија, а во дневниот ред и во Предлог законот што го добивме пишува точно Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје. Така гласеше законот кој го донесовме минатата година. И во Предлогот нема предлог за измена на насловот. Значи, само има предлог седиштето од Скопје да се премести во Охрид. Што се разговарало на работните тела и на Владата ние не знаеме и не не интересира нас пратениците, но од Владата овде стигнал пречистен текст и тој пречистен текст е предмет на расправа на денешната седница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Е ова е трагедија кога заменик министерот за образование не го познава законот.

Господине Лазаров, професоре Лазаров,

За формирање на секој универзитет ви треба проект за основање на високо образовната установа? Еве го проектот. Па тој ви го читам јас. Проектот за основање на државен Унивезитет усвоен на 14-ти, доставен до Владата на 14 јануари се вика “Македонски Универзитет за информатички технологии”. Ова е документ од Владата. Јас не знам вие што читате, ама јас читам што пишува. И тоа е работата, дека некој во Македонија мисли дека може да направи што сака, надвор од Деловникот, надвор од Законот.

СДСМ остро ќе се спротивстава секогаш на тие обиди. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Тука ја прекинувам седницата, согласно барањето од пратеничката група на ДУИ, давам еден час пауза.

Продолжуваме со работа во 12,50 часот

(Пауза од 11,50 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,57 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Еден час пауза беше побаран од пратеничката група на ДУИ. Гледам пријавен е заменик координаторот веројатно процедурално, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам г-дине претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Парламентарната група на ДУИ побара еден час пауза како резултат на излагањето од страна на пратеникот на СДСМ Јани Макрадули и во однос на тоа што го изнесе во насока на законот, кој е поднесен за основање Универзитет за информатички технологии. Ние донесовме заклучок дека се однесува на Закон кој постои, имаме само измени и дополнувања на постојниот Закон, со што есенцијално се знае каква содржина има тој закон. Значи законот кој е пред нас, кој помина во Владата и е легален и легитимен документ, меѓу другото во однос на јавноста се работи за Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје, прво читање. Сите обвиненија и тоа што го рече претходно мислам дека немаат правна основа, ниту законска ниту уставна основа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор г-динот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

На почетокот би сакал да го изразам моето негодување на изнесените невистини од страна на г-динот Макрадули, но нека тоа му служи на чест како заменик претседател на пратеничка група.

Јас ќе напомнам само дека не треба да се читаат елаборати и имиња на елаборати од една проста причина, затоа што тоа го прочита г-динот Макрадули се однесува на експертската група која го подготвуваше овој елаборат.

Г-дине Макрадули, експертската група ја сочинуваат: Питер Вок, Тони Санчес Амстронг, тоа се луѓе експерти од Соединетите Американски Држави и Бозини, Швајцарец. Нормално е да се однесува за македонскиот, затоа што стои елаборат е доставен до Владата на Република Македонија и нормално е да се однесува на Македонскиот Универзитет за информатика, поточно за информатичкиот универзитет.

Инаку, во Предлог законот добро стои: Универзитет за информатички технологии со Предлог промени за она што е седиштето во Скопје. Јас ќе почнам со една позитивна енергија, би сакал да дадеме и таков тек, затоа што сметам дека овој универзитет заслужува поголемо внимание и мислам дека треба да дојдеме до едно заедничко разбирање од страна на позицијата и опозицијата и да го прифатиме вака како што е предложен.

Еден од предусловите да се навлезе во општеството за знаење неопходно е да се помине низ информатичкото општество.На овој начин пристапот до целокупното цивилизациско знаење станува достапно до секоја заинтересирана индивидуа која сака да осознае за себе и за цивилизациите околу себе. Јас ќе спомнам дека Македонија напредува во овој поглед, напредува со информатиката и со информатичката технологија и би сакал и сите оние земји што се околу нас, на Балканот и пошироко, да имаат можност да напредуваат во информатичката технологија. Тоа би го зел со примерот на одличниот спот на г-динот Манчевски во кој што покрај сите тие недоразбирања укажува за арте фактите дека може точно да се увиди кој арте факт од кое поднебје во Република Македонија доаѓа. Основен предуслов едно општество помине во информатичко општество, тоа е да се обезбеди потребна опрема како што се компјутери, мрежа, интернет и ред други работи, она што Владата на Република Македонија во дадениот момент го прави со проектите “Компјутер за секое дете”. Со формирањето на Универзитетот за информатичка технологија, една од основните задачи е школување на врвни информатички наставни и научни кадри кои подоцна би работеле во други високообразовни центри, како и воспоставување контакти и соработка со други универзитети, кои би овозможиле севкупно зголемување на информатичкото знање во Република Македонија и негова примена во сите нивоа.

Од таа причина, би сакал да напомнам дека во матичните комисии, мислам дека се 13, се наоѓаат и одредени луѓе и личности кои заслужуваат посебно внимание. Реков дека тука се Тони Санчес, тука е г-динот Питер Вок и би напомнал дека СДСМ нема ништо против ако го спомнам и д-р Борче Давитковски, кој што е претседател на матичната комисија, кој што доаѓа од СДСМ итн. Значи не станува збор за партизација, не станува збор за нешто што е надвор, станува збор за луѓе кои имаат одредени вредности и треба да им се оддаде одредена почит. Сметам дека треба со позитивна енергија да се стартува и да се оди кон овој универзитет за информатичка технологија.

Она што се предвидува со промените, една од тие промени е однесувањето или поточно сакам да кажам за промената на седиштето, кое треба да биде од Скопје во Охрид.

Би сакал да ги пренесам задоволствата на Охриѓани, би сакал да го пренесам огромного задоволство на Охриѓани спрема премиерот Никола Груевски и оваа Влада што изнајде дух, поточно сенс . . .

(Реакции).

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да се сослушаме, соодветни звуци да не слушаме тука.

**Цветко Грозданов:** На Охрид му се враќа универзитетскиот дух. Што сакам да кажам со тоа? Можат да “акаат” колку сакаат, тоа е дел од културата, но можам да кажам како вечити

асистенции на Скопскиот универзитет, како Универзитет во Битола, како Универзитет во Штип, Охридскиот универзитет постои од 9-тиот век. Подоцна ќе кажам дека на Балканот во тој временски период немало универзитети. Во Европа исто така можам да кажам дека нема универзитети. Еден од првите или прв универзитет е Охридскиот универзитет кој што е од 9-тиот век. Подоцна во 19-тиот век се јавува Карловиот универзитет во Прага и мислам дека се јавува Болоња. Ова се универзитетите, од овој временски период почнува да се шири тезата на словенизмот, но ќе оставиме подоцна тоа историчарите да го кажат. Сепак, огромно е задоволството што еден ваков универзитет ќе биде со седиште во Охрид и сметам дека тука поддршката ќе ја добиеме и од опозицијата, затоа што Охрид заслужува да има универзитет, затоа што Охрид бил уште во 9-тиот век универзитетски град.

Со отворањето вакви универзитети кои ќе бидат со голем рејтинг, со добра организираност, поставеност и инфраструктура, сметаме дека Охрид ќе може да го добие вистинскиот лик, да го заживее духот, универзитетскиот дух, ќе може да ја продолжиме и туристичката сезона и Охриѓани и Македонија ќе го добијат она што го заслужуваат, универзитет кој ќе биде за сите пофалби, универзитет кој што ќе биде со сите почести.

Јас би сакал да напомнам дека на овој универзитет ќе доаѓаат еминентни стручни лица широко од светот, од САД и од Европа, но не заборавајќи дека и кај нас во Република Македонија имаме кадар кој сигурно дека ќе може да предава на овој универзитет кој ќе се наоѓа во Охрид. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика г-ѓа Грковска Лошкова Славица.

**Славица Грковска Лошкова:** Како г-дине Грозданов му викате на г-динот Макрадули да не чита елаборати, да не го користи елаборатот, а вие го користите истиот елаборат. Значи го имате, заради тоа што се повикувате на имиња што се во елаборатот.

Замислете, странците кои напишале Македонски универзитет за информатички технологии, заради тоа што биле странци, напишале дека врз основа на политичката програма на ВМРО ДПМНЕ и иницијативата на Владата за подобрување на образованието на кадри итн., се дава ваквиот предлог. Странците знаат за иницијативата на ВМРО ДПМНЕ! И уште, замислете, напишале: Постојниот модел на управување и организирање на образованието во државните универзитети кои се влечат од времето на социјализмот инсистира на затворање во сопствени рамки и има потенцијал за злоупотреба од страна на инволвираните. Е па нека знаат државните универзитети кои што ги партизиравте, какво мислење има Владата односно ВМРО ДПМНЕ за нивното функционирање. И се прашувам дали после ваквата констатација се уште се горди партиските ректори на државните универзитети затоа што се избрани на тој начин и ја претставуваат таа институција.

Инаку, не дека се странци во прашање, не е проблемот во странците, проблемот е во ВМРО ДПМНЕ и во Владата заради тоа што по она што го имаме добиено од Одборот за акредитација за стариот закон се вели: Одборот за акредитација го разгледа елаборатот за основање на нов државен универзитет Македонски универзитет за информатички технлогии. Ова не е од странци, ова е од вашиот партиски Одбор за акредитација и ова не можете да го порекнете дека е некаква “грешка”. Проблемот е г-дине Грозданов што не се повикува Владата во ова што ни го има доставено на меѓународни експерти, туку на работна група која согласно Законот за високо образование воопшто не треба да постои и не смее да постои, од потпретседателот на Владата за европски прашања Боцевски, министерот за образование, министерот за транспорт и врски, министерот за одбрана, Благоја Самаковски кој што ќе биде ректор на Универзитетот и г-динот Борче Давитковски. По ниеден основ законски ваква работна група не смее да постои ниту пак да дава мислење за формирање на ваков закон. Процедурата за формирање универзитет се знае каква е. Проблемот е конечно што и ова потврдува дека со образованието во Република Македонија, вклучително и за овој универзитет за информатички технологии, одлучуваат лица кои мислат дека за основање на универзитет за информатички технологии доволни се само компјутери и мрежа.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика за г-динот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Знаеме дека ви е тешко поради рејтингот што го имате, но добиените официјални документи до Собранието и пратениците на Република Македонија гласи: Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатичка технологија во Скопје.

Г-ѓо Грковска, овие се официјалните документи. Она што вие сакате да го покажете и да го докажете е мешање во коалицијата внатре. Знам дека ве боли, знам дека сте опозиција, дека ќе седите на средина, па седите пак каде што седевте, само во многу помал број. Тоа е разликата.

Дека еминентни стручни лица кои се наоѓаат надвор од Република Македонија, кои го подготвувале тој елаборат, го доставиле до Владата на Република Македонија и нормално е дека врз програмата која што ја има ВМРО ДПМНЕ во изборите, Владата донесува одлуки тие да се реализираат, нормално, во координација со нашиот коалиционен партнер.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Макрадули Јани, повелете

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Јас и на комисија кажав, првиот предлог за универзитет во Македонија во Охрид, пишува во програмата на СДСМ во 2006 година, и ме радува што барем некој од ВМРО ДПМНЕ цени тоа што во Охрид имало универзитет многу пред универзитетите во Европа и Македонија. Добро е таа традиција да ја чуваме, а не да ја поништуваме со приказните за Александар.

Уште еднаш ќе повторам, ние зборуваме за почитување на законите во Република Македонија, ние не водиме лицемерна политика како ДУИ. Ние ги почитуваме законите. Проектот за основање е дел од постапката да се формира универзитет и еве го тој проект, го читаме. Во самиот проект се вели дека организирањето, управувањето, администрацијата и професорите на факултетот во првите 5 години ќе биде помал од бројот на наставници според она што го врзува Законот за високо образование. Владата носи одлука да не го почитува Законот за високо образование.

Второ, зборувате за македонски професори. Дај боже, затоа што овде професорите што си имаат прво поделено пари, се вели: професор од странство 2,5 илјади евра месечно, куќа во близина на кампусот, целосно приватен осигурителен план, 18 илјади долари за патување или вкупно годишно 82 илјади и 800 долари за професори. Дај боже за професорите во Република Македонија да бидат овие плати.

Зборувате за експерти, сега ќе ви ги прочитам експертите кои учествуваат во универзитетот: Ал Џереј, добитни на награда за џез пеење-одличен експерт за информатика; Гари Махонен, претприемач; Том Мур, театарски продуцент на Бродвеј; Томас Ешли Фарант, експерт за источни религии и ритуали-што ќе прават таму, господ на помош нека ни е; доктор за интерна медицина. Со овие ќе градиме информатичка технологија и универзитет? Со џез пејачи, па уште и ВМРО ДПМНЕ со џез, нит се чуло, нит се видело досега. Затоа ние протестираме.

Прво, овој закон не е во согласност со Деловникот, бидејќи очигледно има финансиски средства што се барем за промената што ќе оди од Скопје во Охрид. Касарната Лазаров ни ја ветуваше во јули минатата година ќе ја трансферираме во Охрид. А овие пари? Како ќе ги оправдате овие пари. Ќе зборуваме после и за другите пари што се трошат, што се веќе потрошени за нероден Петко што е скроена капата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има г-динот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Г-дине Макрадули, експерт сте за она што е вадење од контекст. Сметав дека сте експерт и во вашата струка, мислам дека можеби ќе има место како асистент да дојдете на нашиот универзитет во Охрид.

Она што сакам да го кажам, а вие добро го знаете е дека сите универзитети работат по одредена студиска програма. И овој универзитет кој што се формира во Охрид, работи и е усогласен г-дине Макрадули со студиските програми ширум светот. Значи она што се разговара и она што се работи, ако сакате точно да знаете и со јавање, затоа што добро е да јавате, а да не ве јаваат. Она што сакам да го кажам е следното. Дека кон активните и колнетивните способности одат секогаш заедно. И она другото што сакам да ви го кажам е дека се работи за одредени софтверски обуки, се работи знаете и самиот, сите овие врвни информатички технологии што ќе се изучуваат се многу скапа работа. Инаку, она вие што го зборувавте ќе ви го кажам подоцна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-ѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала да реплицирам на колегата само во еден сегмент. Претпоставувам дека го посочивте проектот "Компјутер за секое дете" претпоставувам дека појдовте од децата да ни нудите пред нас пример, успешен пример, што е доказ за владината политика во сверата на образованието.

Колега Грозданов, проектот "Компјутер за секое дете" е скандал, коруптивен, криминален и жалам што претставува репер како Владата на Груевски се однесува во цела сфера на образованието. Да ве потсетам, започна како програма на ВМРО ДПМНЕ за подобрување на сферата на образование, се ветуваа 100 илјади компјутери, ама на крајот на кого потрошивме почетно 22 милиони евра, за на крајот да не убедуваат дека тие 100 илјади компјутери се помалку од 19 илјади компјутери, кои имаат можност да се приклучат уреди со по 7 излези. И така дојдовте до бројката 100 илјади компјутери, ама не застанавте тука. 10 милиони евра за електрично поврзување, инсталација доделивте на Македонска радио телевизија. Затоа и кадарот на ВМРО ДПМНЕ Сашо Станчевски кој направи класичен одлив, но не и електрично поврзување на компјутерите, сега го загуби работното место. На апанажа е додуше, не одговара за криминал, ама проектот "Компјутер за секое дете" сега веќе е зголемен за 10 милиони евра тежи до сега 32 милиони евра, плус да не ги заборавиме и оние 4,5 милиони евра кои ги добивте како донација од Телеком, без малку 40 милиони евра владин проект "Компјутер за секое дете" а до сега ниту има компјутери ниту функционира, ниту има соодветно електрично поврзување и инсталација.

Ова е еден до сега од најголемите криминални проекти на Владата на Никола Груевски. Иако вас ви е смешно, знам дека од фактите не можете да побегнете. Ако ВМРО ДПМНЕ се залага за борба против корупција и организиран криминал и при тоа не убедува дека е доволно само еден од скопските градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ да седи во притвор, се излажале. Па затоа од говорница ја повикувам госпоѓа Маковеј да се позанимава со овој случај, бидејќи таа е задолжена за организираниот криминал. Но, го

повикувам и господинот Шврговски, се разбира да започне со истрага околу сите овие настани

**Трајко Вељаноски:** Контрареплика има Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов**: Благодарам претседателе.

Е во ова се разликуваме. Да ја повикаме госпоѓа Маковеј да се позанимава малку со рејбан очилата на кои што ги купивте на полицајците, на секој полицаец рејбан очила, да ја повикаме госпоѓа Маковеј да се позанимава, бидејќи тука имаме и кои што седат и ден денес, за министерките кои што добија бисери и тогаш ќе разговараме,разликата е следна. Спомнавте и вие дека во вашата програма го имате универзитетот за информатичка технологија во Охрид. Потврдувате господине Макрадули, ама разликата е следна. Вие само пишувате, не остварувате. Па каде бевте до 2006 година, нели бевте на власт? Да ги реализиравте. Сега кога ВМРО ДПМНЕ ги реализира овие факти, вас ви сметаат. Очигледно е дека вие само сте добри во она што се нарекува исклучување, пишување, заканување. Но, на крајот ќе ви кажам и во тоа не сте ефикасни.

**Трајко Вељаноски:** Процедурално има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам претседателе.

Значи, не расправаме ниту за огромните потрошени пари, за безполезните кампањи, ниту за паднатите проекти на Владата, расправаме за измени и дополнувања на еден закон за основање на универзитет за информатички технологии. Ние читаме еден елаборат кој што е официјален. Господинот Цветко сака само да си ги затвора очите и си чита она што му сервира Владата. И затоа барам претседателе, за да навистина утврдиме што е вистина кога се основа, или кога се менува закон за унивезитет секогаш мора да имаме мислење од Одборот за акредитација. Како пратеничка група за да докажеме пред јавноста кој кого јава и кој го самари народот, бараме мислење од Одборот за акредитација по повод измените и дополнувањата на овој закон. Само така ќе докажете дека она што го тврдите е вистина, или ќе се докаже дека она што ние овде го елаборираме, а е официјален акт на некој одбор таму прифатен од Владата, дека е вистина. Затоа бараме мислење до крајот на расправата да ни обезбедите мислење од Одборот за акредитација во врска со измените и дополнувањата на овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Инаку, кога се носеше Законот за основање на унивезитет имаше мислење од Одборот за акредитација.

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги и колешки пратеници, драго ми е што почитуваниот колега Цветко Грозданов ја врати дебатата на тема што одговара на сите. Задоволство е со колегите од ВМРО ДПМНЕ да разговараме за Македонија како земја на просветители, а не за Македонија како земја на војсководци. Но, јас на почетокот ќе се послужам со една народна поговорка. Мене целата оваа работа ми заличува на приказната кога жабата го видела коњот како се потковува, па и таа кренала нога да и стават потковица. Така и идеолозите на ВМРО ДПМНЕ од интелектуалното крило замислуваат дека може да се направи еден нов универзитет и да се направи по потрошени 8 месеци по потрошени според наша проценка определени финансиски средства за кои грубата проценка говори дека ја надминуваат сумата од 1 милион евра. Значи, пред да разговараме почитувана заменик министер за образование, требаше вашиот многу учен министер за образовние кој секоја недела влегува од скандал во скандал. Значи, уште не може да излезе од скандалот со она што го направи со закаnата и со принудата, со сето она што го правеше во времето на штрајкот на просветните работници, се случи скандалот со Струга, за да на крајот кулминираат секојдневно скандалите во високото образование. Значи, не може и недопуштено е закон кој на голема врата го најавувавте и кој функционира 8 месци, а да има потрошено финансиски средства од над милион евра да го заташкате со нова идеја, нема да правиме универзитет со девет факлутети, сега ќе правиме универзитет со 5 факултети, нема да биде во Скопје, ќе биде во Охрид. А сеуште вие сте од матичната комисија под директна партиска контрола, вчера да објавува конкурс за избор на ректор на овој универзитет што затоа што е прво читање во Скопје, а во ова што Владата го усвојува како материјал веќе да видиме кој е ректорот. Оној како што рече колегата Јани Макрадули, беше на црната листа на САД како стопанственик, заради тоа што беше единствениот Македонец кој беше обвинет за пролиферација на оружје за масовно уништување. Тој се потпишал овде дека ќе биде ректор.Ова според наша проценка е во јануари, ги гледаме материјалите од Владата внимателно ја оценуваме состојбата на овој материјал за кој дискутабилно е, не се тука колегите од ДПА па да влеземе ние сега во приказната за да покажуваме кој е поголем Албанец, дали ДУИ или ДПА, дали треба да се вика оваа држава, држава на граѓанитена Република Македонија, или македонска држава, дали Македонска радио телевизија, или радио телевизија на Македонија, приказна која ДУИ веројатно ексклузивно ја држи во својот ранец кога преговара со некои други, а не со оваа власт каде што очигледно има таен договор за кој ние предупредуваме, скапо ќе ја чини Република Македонија.

Но, да се вратам на темата. Значи, почитувана госпоѓо заменик министер ние сметаме дека заменик претседателот на Владата кој е еден од идејните творци на сите неуспешни реформи во изминативе три години, сега на 13-ти февруари ни заговара промовирање на нов процес, РИА процес, кој всушност во оваа колумна потврдува дека до сега законите и подзаконските акти се разгледувани на владини седници без спроведени

консултации со засегнатите страни и оценка на трошоците. Типичен пример ви е овој Предлог закон. Значи, дефинитивно од списокот на овие таленти за кои за некои може да потврдиме дека се експерти. Но, не може да потврдиме во овој список на видни личности како што вели колегата Цветко Грозданов да препознаваме џез пеачи и фали само некој џокеј светски познат кој ќе биде веројатно одговорен за курсот по јавање. Иако не знам која е магистерската теза на господинот Цветко Грозданов, можеби ќе најдете и вие слободно место на некои од овие упразнети места, а не условно речено нашите вечити асистенти. Јас сум подготвен секој пат за образованието да разговарам со вас се додека велите дека образованието е сила, образованието е моќ, а половина од вашата пратеничка група се вечити студенти. За таа тема може да разговараме како и на темата многудетно семејство, ако сакате. Значи, повеќе теми со кои вие секојдневно го залажувате македонскиот народ и со наши пари. Да, може да разговараме на теми за вашите кампањи како се трошат народните пари, за вашите измислени кампањи. Значи, оваа кампања да ја направиме Македонија земја на информатичари, или да ја направиме Македонија силиконска долина, паѓа во вода кога ќе се прочитаат имињата на условно речено, експертите кои треба да бидат носители на овој проект. Само еден професор од најпрестижниот државен универзитет без било каков коментар на оние кои до сега во оваа наша држава успешно го развиваа проектот на информатичко општество и ја градеа информатиката во Република Македонија, без мислење на колегите од Електротехничкиот факултет или од Природноматематичкиот факултет. Сето ова е како приказната за жабата која ја кренала ногата, затоа што го видела коњот дека се потковува. Значи, не може да говориме дека Охрид ќе го направиме градот на просветителите на ваков несериозен начин. Инаку, како што спомена Макрадули, безрезервно ја имате нашата поддршка Охрид да го направиме центар на просветителството во регионот и да се вратиме на нашите корени, да се вратиме на славјанството, на просветителството, на тоа што е одлика на оваа генерација на современи македонци. Но, ако тоа сакате да го направиме, не може да го направиме со самопрогласени ректори, не може да го направиме со џез пеачи, не може да го направиме со џокеи, не може да го направиме со актери. Сето тоа е запишано во овој документ.

И на крајот, ако се држиме до ова што го споменува вториот човек во Владата господинот Ставрески, овој материјал мора да биде повлечен од оваа собраниска седница, не само заради нашето барање дасе произнесе Одборот за акредитација, бидејќи почитувана госпоѓо заменик министер, овде станува збор за сосема нов правен субјект. Ова не е субјектот во Скопје со 9 факултети и со самопрогласен ректор на кој му распишувате конкурс, а почнувате постапка, сеуште нероденото дете да го абортирате. Ајде да бидам уште еднаш во духот на кампањата што ја води ВМРО ДПМНЕ. Значи, овде станува збор, класично убиство, како што вели ВМРО ДПМНЕ, на нероденото дете, тоа е универзитетот македонски за информатички технологии во Скопје. Ако тоа го знаете, а тоа треба секој да го знае, тогаш целата оваа денешна седница е само уште еден обид за манипулација на македонската јавност и вашата божемна грижа да имаме пообразувана нација. А не гледате дека луѓето леб немаат да јадат, дека 54% од македонците не можат да врзат крај со крај, а веројатно со ова темпо додека дојде вториот круг, 70% од Македонија ќе проси за леб. Но, вие и понатаму по максимата, на народот ќе му поделиме игри, ова е голема игра, а потоа ќе му дадеме и парче леб, да заборави на вистинските проблеми. Значи, во овој момент една одлична идеја е вулгаризирана. Второ, една одлична идеја не е поддржана од најафирмираните информатичари во нашата држава. Вие не може да правите ваков универзитет со самопрогласен ректор кој нема допирни точки со информатичката технологија. Уште повеќе што има сериозен конфликт на интереси, бидејќи неговиот син е член на Владата на Република Македонија. И кога ќе дадате вакви материјали треба да водите сметка дека од другата страна има опозиција која толку колку што е моќна секојдневно ќе опоменува за неуспешните проекти кои оваа Влада на голема врата секојдневно ги промовира. Значи, уште еднаш да заклучам, најдобро е да се консултирате со министерот кој е во егзил, веројатно се плаши да не биде жртва. Тој рече, ако требало тој да биде жртва, ќе бил жртва, па откако ја даде таа изјава, го нема. Веројатно се крие, затоа што реално треба да биде жртва за скандалот во Струга. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Цветко Грозданovв, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

На почетокот да му се заблагодарам на господинот Бучковски за подршката за Охрид и за она што е многудетно семејство, затоа што вие си ја имате исполнето таа обврска, и останува на нас да ја исполниме.

Се сложувам со вас дека образованието е сила, образованието е моќ, затоа што Владата на СДСМ одвојуваше 2,7 од бруто домашниот производ. За разлика од вас оваа Влада одвојува 5,9 од бруто домашниот производ за образование. Тука ја гледаме нашата сила како Влада затоа што издвојуваме голем број на средства со кои што можеме образвованието да го подигнеме на повисоко ниво.

За господинот Стаматовски ќе ви кажам дека пред една година беше во Америка, живееше таму, за да пред два месеци биде повторно во САД и ве повикувам доколку имате легитимен таков документ, покажете тука има само еден проект, да го наречам, кој што со помошта на македонската

Влада, која што тогаш беше од СДСМ, сакавте да го затворите човекот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Драг мој колега Цветко, јасно ми е зошто не знаете кој се е на гурбет или на печалба во ВМРО ДПМНЕ, затоа што вака кога ќе ве погледнам, веројатно не повеќе од една рака сте ВМРО-ци. Заборавате какви кадри ви донесе Социјалистичката партија, затоа што кандидатот за кој што говориме за самопрогласениот ректор, според официјалните информации кои може вие да ги погледнете, тогаш не бевте вмровец затоа не знаете, беше, ова ќе ви го оставам, 24 декември 2004 година. Мерките против господинот Стаматовски фирмата Микросан, предвидуваат две годишна забрана за договори со американската Влада и наредба за забрана за издавање низа извозни лиценици во овој период. Одговорен единствен од Македонија за пролиферација фирмата Микросан беше на црната листа.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити**: Благодарам господине претседател.

Сигурно не би аплицирал доколку и господинот Бучковски, меѓутоа и претходниот говорник не се занимаваа со ДУИ. Се гледа јасно дека во последно време тема за која што страсно говорат е токму ДУИ, а тие знаат зошто го прават тоа, сигурно за да добијат политички поен. Како и да е тоа е нивен проблем.

Што се однесува до договорите сакам јасно и за јавноста и за господинот Бучковски да кажам дека немаме тајни договори со никого, имаме само еден договор со населението кое што не гласало, а тоа е договор да имплеметираме се тоа што сме ветиле на нашите гласачи и тоа ќе го направиме затоа што секогаш сме ги одржувале нашите ветувања.

А што се однесува на договорот, исто така имаме еден јавен договор кој што ги имаме со партнерот со коалицијата, исто така и тој договор ќе го почитуваме, затоа што ние сме сериозна партија и партија со табани, со грб, а не како што претходно сакаше да говори еден претходен говорник за ДУИ , дека е безрбетна партија.

Уште еднаш ќе кажам дека не е добро да се шпекулира со ваквите тези, дека наводно сме имале таен договор. На крајот на краиштата добро е да се има договор и тие договори да бидат потранспаретни и јавни, меѓутоа отворено ви кажувам дека немаме тајни договори. Така што господинот Јани Макрадули во последно време се занимава доста со ДУИ. Јас ќе му дадам до знаење нему и на јавноста дека доколку тој имал или има желба ДУИ да биде нечија филијала на некоја партија преку која што ќе може да се реализираат на некој друг политички субјект, јас со целосна убеденост ќе ви кажам дека таа работа не се случила и нема да се случи. Демократската унија за интеграција води свои политики, автентични политики кои, се разбира, ги реализира преку Владата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, господинот Али повеќе реплицираше на господинот Макрадули, но мене ми реплицираше за мојот сомнеж дека има таен договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Значи првиот пат шилото вртеше, вртеше и се покажа дека Груевски го криеше фамозниот договор кој беше причина зошто Република Македонија отиде на предвремени избори и изгуби било каков компас на патот кон НАТО и кон Европската унија.

Сега јас отворено се сомневам дека после сето ова што се случува во Струга, има друг таен договор за кој сега не ВМРО-ДПМНЕ да крие, туку вие криете, затоа што се ова што се случува во Струга,не се тука луѓето од ДПА и не сакам да зборувам, слушам само од медиумите дека ако некој, а тоа е првиот човек на струшката локална самоуправа, се договорил со министерот за образование за овој скандал во Струга, тогаш значи тајниот договор е на дело.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Нова тура, нова авантура. Иако некому му е смешно, мене ми е сериозно. Работата е многу пресериозна за да можеме, колега Грозданов, со дофрлување, а не со реална дебата да видиме што ни се случи.

Ова, како штокажав е нова авантура во сферата на образованието по рецепт а ла Груевски и она што претпоставувам требаше да биде еден од крупните чекори, нели, од преродбата уште од 2006 година, стана нова сопка во одот на Груевски и затоа е се понервозен, срамежливо дури и бројките од рејтинзите покажуваат зошто господинот Груевски секој ден ќе биде понервозен и зошто ќе реферира од некои свои евидентно прокламирани ставови околу корените, околу единтитетот, се разбира околу абортусот и т.н.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам зборувајте по точката од дневниот ред. Точката се однесува и за вас и за другите.

**Весна Бендевска:** И нема само господинот Груевски да покажува нервоза, тоа ќе го прави и претседателот на Собранието и пратениците. Возот на ВМРО-ДПМНЕ тргнал надолу, надолу заради вакви проекти кои не можат веќе да бидат сокриени.

Ќе почнам од оценката, од работниот материјал што во собраниска процедура ја доставила Владата по својата седница на 28 јануари и вели вак

-Владата на Република Македонија за да ја реализира поуспешно својата идеа за новиот универзитет. Внимавај. Новата идеа на Владата

да отвори нов нов универзитет ја аминувавме, дадовме поддршка на 30 јуни 2008 година. Која реализација на проект за што имавте и Закон. Зошто не го реализиравте е прашањето. Ајде што не го реализиравте, вие сте должни да одговорите каде испарија 6 милиони денари од Буџетот на Република Македонија за 2008 година заради ваш неуспешен проект и затоа говорам за авантури, господине Грозданов.

Ако во ребалансот на Буџетот за овој проект беа предвидени 76,5 милион денари од кои со пренамената кон крајот на 2008 година одзедовме 7,4 милиони денари, остана јасно дека овој проект тежи 6 милиони денари, а никој не кажува на што отидоа. Очигледно е дека универзитетот не го доживеа ни својот прв ден од постоење. Ама пари се потрошени од Буџетот. На што госпоѓо заменик министер отидоа овие пари? Ќе продолжам понатаму. Нема да се задржувам дека го прекршувате Законот за високо образование кој е дециден.

Ако не ви успее проект за нова високообразован организација за која сме гласале Закон за основање, треба да предложите закон во Собранието за престанување на таа високообразовна институција, а потоа да влезете во нови авантури кои ќе се анрекуваат македонски универзитет за информатички технологии, во Охрид и тоа ќе биде нов закон. За тој закон Ќе ви треба реална финансиска претпоставка колку тежи и затоа говориме колку до сега тежи вашиот неуспешен проект, но не од вашиотпартиски буџет туку од Буџетот на граѓаните на Република Македонија. И еве го проектот, проект за основање на државен универзитет за кого сите говориме.

Мене ми е многу јасно зошто не го почитувате Законот за високо образование и зошто за ова, претпоставувам господинот Вељаноски нема да се обиде да ме сопре. На петтата страна пишува - ако се користат нормативите за ангажирање професори во САД, потребните простори за истите како и организирање на управувањето, ќе се види дека за првите 5 години на универзитетот неопходен е помал број наставници отколку штона тоа не обврзува Законот за високо образование. Добро. Вие од почеток со проект аминувате кршење на Законот за високо образование и тоа вашиот денешен обид го претвора во фарса. Но, колеги од владеачкото мнозинство, не смееме да дозволиме да гласаме фарси бидејки тежат во пари и бидјеки значат криминал. И повторно ќе говорам за криминал. Повторно се навраќам на работниот материјал.

Владата ангажирала, нели, меѓународна група на експерти за да предложи модел на организирање на овој универзитет и тоа веќе е направено. Вака велат: Питер Бок, претседател на Интернационалниот борд на советници, декември 2008 година и има што се правеше господинот претседател на Интернационалниот борд. За три месеци потрошо 86.250 долари, до сега, иако законот сеуште не сте го изгласале. Значи 4.050 САД долари се потрошени за средбата што се одржа од 5 до 9 јануари и на која освен господинот Бок учествуваше и господинот Санчес Амстронг Божини и Бок, еве 4 илјади долари, ама тоа е, нели, ништо, плус потрошиле 21.100 САД долари за изработка на веб страната на институцијата, иако сеуште нема закон за таа институција, парите се потрошени, пари од Буџетот. Исто така потрошени и се цели 29.900 САД долари за дизајнирање и изградба на радио и ТВ станица, ништо вели господинот Грозданов, можело и повеќе и цели 18.000 долари за регрутација, проверка и вработување на 4 талентирани странски кандидати. 13.200 долари се потрошени за регрутација и вработување на 4 визитинг наставни кадри, вкупно 86.250 долари за трите месеци, до сега. Колку од сега ќе биде можам да замислам, но нема да бидеме сигурни дека универзитетот ќе проработи, од проста причина што овој првиот, во Скопје не проработи, не доживеа свој бел ден, доживеа само на име на тој проект да бидат потрошени буџетски средства.

Понатаму, за што говореа и моите колеги. Вели - кандидати за членови на управен одбор. Не формиран универзитетот, имаме и кандидати за управен одбор, па освен господинот Бог, Амстронг, тука се разбира е и господинот Благоја Самакоски ( ректор). Па зошто трошите пари да објавувате во “Вечер” конкурс за избор на директор, еве го господинот Благоја самакоски, ем си го потпишал дека учествувал во овој проект, го ставил својот потпис и потрошил нула денари заради тоа што му е ветено ректорското место, чиста фарса. Тука се и господинот Лештар, Божини, Дуковски и се разбира Зоран Јолевски и тој не потрошил ни денар, плус имаме и еден голем број на советодавни членови кои не гласаат, за кои говореше господинот Макрадули. Заборави да каже дека имаме и протетичар советник на универзитетот за информатички технологии, госпоѓата Кејт Прогедин. Заборави да каже дека имаме, да не се секира, и директор на истражување на нефролошки науки. Нема што немаме. За овие господа табелата 6 предвидува останати трошоци за ангажман. Видете колку луѓе ги ангажираме и ги плаќаме од Буџетот за нешто штоне е извесно и дека ќе преживее како проект. Нели господинот Груевски нешто нема среќа со овие проекти во образование, некако му паѓаат, што пред Уставен суд, што пред судот на јавноста, што, претпоставувам, и пред Јавно обвинителство, допрва. Затоа колеги, дајте да не влегуваме и аминуваме авантура. Доста ни е од авантуристи. Пресериозна е ситуацијата. Дајте повлечете се. Првин ќе треба да доставите, госпоѓо заменик министер, инфорамција за потрошените 6 милиони денари и причини зошто Владата на Груевски не успеа да го реализира првиот проект со седиште во Скопје, а потоа сериозно пред нас да не доставувате вакви квази проекти кои значат само едно, партиски договори во пресрет на идните локални избори. Претпоставувам дека некој ветил вработување во

сопствената фабрика во замена за играчка, личен сопствен универзитет.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Цветко грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Не знаеме веќе како можеме да ви погодиме. Ако потрошат зошто потрошиле, ако не потрошиле зоштоне потрошиле.

Она што го спомнавте околу ректорот, само Ќе ви кажам дека тоа се мислења на експертската група. Значи тоа е мислење и видување кој од нив би можел да биде ректор. Тоа е само мислење. Конкурс ќе има, не се плашете. Можете и вие да конкурирате.

Околу она со што мавтавте тука, должни сте да го дообјасните затоа што тука станува збор за забрана на фирмите кои стопанисуваат со американската Влада на кои им се забранува стопанисување со оваа македонска фирма.

Во тој временски период, господине Бучковски, дали вие бевте премиер или министер не знам. Госпоѓа Маховеј може да се позанимава со овој случај, иако е недоказлив.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика госпоѓа Виолета Ташева, повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Внимателно ја слушав колешката ...

(Реакција во салата)

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги да се сослушаме.

Повелете госпоѓо Ташева иамте реплика.

**Виолета Ташева:** Денес на дневен ред е Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за основање на универзитет за информатички технологии.

Коректно е кога се расправа и во собраниска расправа се разгледува некој документ да се држиме до точката на дневен ред и материјалната расправа која ја имаме во однос на предложенио тпредлог на измени на закон, што значи дека сите овие дискусии што до сега имав можност да ги слушнам, сметам дека се некоректни, дека непотребно ни го одземаат времето за разгледување на некои квази проекти, ја цитирам госпоѓа Бендевска, тоа е нејзин израз и јас би ја прашала почитуваната колешка, ако е квази проект тогаш сите тие наоди што таа ги цитираше, дали се и тие квази и ако се квази зошто воопшто ни го одзема времето да дебатираме и да слушаме некои нејзини квази наоди.

Не се согласувам со изнесеното нејзино мислење, ниту со податоците од проста причина што такво материјал не е точка на дневен ред за разгледување на оваа собраниска седница. Шпекулирањата само се дел од кампањата што за жал, сметаат дека на тој начин треба да се води и секој атак врз реформа во образованието, за жал е само нивна неумешност да сфатат дека навистина образованието е сила и образованието е моќ.

Жалосно е што го замајуваат своето гласачко тело со вакви квази инфорамции и податоци и Што во недостиг на било какви други квалитетни нивни мислења и предлози во однос на реформите во образованието, ги носи во заблуда овде да расправаме чаршиски муабети и нивото идигнитетот на Собранието го рушиме до она ниво до кое вие денес , почитувана колешке, ни го манифестиравте и ни покажавте кое ви е нивото на комуникации. Жалам што воопшто и се јавувате за дискусија за образование ког ане сакате ни да го погледнете материјалот кој ви е даден денес за разгледување, туку не занимавате со некои ваши проекти или некои ваши материјали кои во податоци воопшто ниту се точни, ниту се релевантни за точка на дневен ред која е предмет на разгледување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Колешке и јас жалам што Собранието почесто не дискутир аоколу наши проекти и наши документи. Вие гласате против таа дебата и жалам што сега имаме ваши документи кои поминале пред Влада и кои се катастрофални, а вие не знаете, па не забележувате дека и вашио ткоелга Грозданов дискутира и се произнесув апо нив. Постои овој документ. Јас знам дека се обидувате да ретерирате, се обидувате да не верувате во нив бидјеки се срамите од ова. И јас се срамам, верувајте, ама се вистинити. Жалам што денес врз база на овие документи ние односно вие ќе донесете закон, закон кој и те како ќе удри по џебот на граѓаните, а ништо нема да се подобри ов образовната сфера.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас денес навистина не планирав да зборувам заради тоа што кога се работи за вакви идеи, овие идеи треба што побрзо да добијат практична реализација, но сум изненаден од тонот на дискусијата која постоеше и кај колешката Бендевска. Имено, една крајно благородна идеа која треба да овозможи на голем број млади луѓе да се стекнат со врвно информатичко образование, денес е гласно напаѓана и јас можам да еазмислувам за мотивите кои можеби можат да се движат помеѓу тоа дека до сега оваа идеа од страна на СДСМ кога беше на власт, не била реализирана, или може да се движат помеѓу размислувањата дека се свесни дека оваа и сличните идеи, помеѓу другото значат успех на оваа Влада и ова владино мнозинство, но пред се оваа и овие идеи значат успех на Република Македонија заради тоа што ако се реализираат така како што треба да се реализираат за 8, 10, 12

години ќе се заборави кој бил на власт во моментот кога се носел овој закон, а ќе излегуваат врвни кадри кои ќе можат да го понудат своето знаење не само на македонскиот пазар туку и пошироко, ќе можат да се натпреваруват со своите колеги од истата област, да ги нудат своите знаења и да носат добро не само на своите животи туку и на Република Македонија.

Ние со овој Предлог закон правиме две минимални измени. Прво, тоа е бројот на единците во состав на универзитетот кои одат од 9 на 5. Тоа се факултет за компјутерски науки и инжињерство, факултет за комуникациски мрежи и безбедност, факултет за машинска интелегенција и роботика, факултет за информатички системи, изоелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника и факултет за информациони теории и анализи. Тоа се петте факултети кои ќе бидат во состав на овој универзитет.

Втората промена битна за мене како Охриѓанец е тоа што наместо во Скопеј седиштето ќе биде во Охрид, што многу значи и како симболика и како мотив плус оваа институција да е навистина врвна и успешна. Тоа се две промени кои се однесуваат на овој закон.

Ние слушнавме тука кој ќе бил ректор, па кои ќе билепрофесори, па претпоставки и т.н.

Клучот и поентата на овој закон е дека од октомври ќе почнат да се подготвуваат врвни кади од оваа област кои ќе можат своето знаење да го понудат во земјата и во странство.

На крајот на оваа дебата ќе биде запаметена само една работа, кој бил за, а кој билпротив, кој бил за врвно образование, кој бил против врвно образование. Ако сакате и да сте против има илјада начини да сте против. Ако сакате да сте за имате еден начин да сте за, да гласате за.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Колега Николовски се ежам кога ВМРО-ДПМНЕ пред нас доставува благородни идеи. Аман те.

Бидете толерантни иотворете го срцето. Тогаш најжестоко удирате. Нема причина да го оправдуваме нашиот страв, ама ако еднаш згрешивме и се поведовме по умот на ВМРО-ДПМНЕ дека треба и аминувавме и поддржавме отворање на овој универзитет во Скопје, на тоа само пари потрошивте а ништо не нарпавивте, сега ќе ви кажам околу благородноста на вашата идеа и ќе ви го дадам и материјалот.

Професорите на овој универзитет ќе земаат по 2.500 евра месечно, ќе им бидат платени едногодишно платување. Замислете ќе имаат целосно платен осигурителен план, ќе имаат куќа во близина на кампусот и 18 илјади долари за да си патуваат дома. Еден професор од Буџетот ќе троши 83.000 долари месечно, за разлика од нашите неблагородни почитувани експерти кои месечно од Буџетот земаат 500 евра плата.

**Трајко Вељаноски:** Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Јован Лазаров, повелете.

**Јован Лазаров:** Почитуван претседателе, почитувана госпоѓо заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Веднаш да ви кажам дека јас ќе зборувам врз основа на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основање универзитетот за информатички технологии. Текстот кој што ние како пратеници го имаме добиено овде и кој што единствено е службен документ и кој што од Владата е доставен до Собранието на Република Македонија.

Идејата за оформување на овој Универзитет за информатичка технологија е уште од минатата година кога што ние кога го донесовме и Законот кој што денеска го корегираме.

Идејата беше овој универзитет да се оформи така што на него барем половина од наставниците, професорите да бидат од странство, наставата да се изведува главно на англиски јазик и тој да прерасне во еден регионален центар.

Од тој аспект како идеја е многу добра. Беше како идеја многу добра и јас мислам дека сеуште и во иднина има шанси овој Универзитет да прерасне навистина во еден регионален универзитет.

И овој Универзитет сега со предложените пет факултети, и сите факултети што ги отворивме во Република Македонија, новиот Универзитет во Штип, со етаблирањето на Универзитетот во Тетово, дисперзираните студии, па ако сакате и кампањата која што е доста оспорувана, меѓутоа и таа могу помогна да се зголеми бројот на ученици кои се запишаа на универзитетите некаде од 40%, така да оваа учебна година имаме 85% средношколци кои завршиле средно училиште, матурирале и се запишале на универзитетите во Република Македонија. Тоа е една бројка која што дава надеж за Република Македонија и јас ценам дека секоја понатамошна идеја за зголемување на процентот на ученици кои се запишуваат на високообразовните институции е добра инвестиција не само на Владата, туку во целина на општеството. Само земја која што има образовани граѓани има добра иднина. Јас повеќе пати овде сум истакнувал дека Република Македонија има 10% со високо и вишо образование, за разлика од земјите на Европска унија кои што имаат од 20 до 30%. Тука водечка е Англија со 30% население со високо образование.

Самиот универзитет кој што е замислен како унвиерзитет за информатичка технологија мислам дека има голема иднина, затоа што иднината на општеството воопшто е во информатичката технологија.

Како заменик министер во минатиот состав имав можност да учествувам на некои конференции во

Женева кои што ги организираа Обединетите нации и каде што земјите во својот развој се ценат покрај бруто националниот доход што го има по жител и по бројот на граѓани кои што користат компјутери и по бројот на граѓани кои што користат интернет. Значи, според првиот показател и според овие два показатели водечки земји во светот со најголем, најбрз економски развој се Кина, Индија, Бразил и Јужно Африканската Република.

Ние денеска имаме всушност измена на овој закон односно корекција на Законот кој што минатата година год онесовме во смисла на промена на седиштето на Универзитетот и бројот на факултетите кои што треба да се формираат.

Колку и да сакаме и да напаѓаме и да фалиме секој проект кога ќе стартува тој проект нормално е од идеја до реализација и има одредени проблеми, така да треба одредено време за да се разрешат, но конечното решение што ќе се појави можеме ние после да го напаѓаме или да го браниме или да го фалиме.

Јас ценам дека овие измени што се предложени се рационалниизмени и водат кон рационализација. Сепак пет факултети во рамките на еден универзитет е минималниот број кој што го дозволува Законот за да се оформи универзитет. Минатата година имаше предлог 7 факултети и два институти, што се оценило во ова неполна година од тогаш дека во овој момент е порационално да се оди со пет факултети.

Исто така не во наставните програми, туку се интервенира малку во насловите со тоа што се дополнуваат, допрецизираат.

Што се однесува до седиштето во Охрид јас мислам дека е добра идејата. Дури и кога бев заменик министер првата моја идеја беше седиштето да биде во Охрид, во тој момент не се прифати, меѓутоа еве денеска излегува со предлог седиште да биде Охрид. Охрид не само тоа што е центар на словенското просветителство, туку Охрид е добар град од друга гледна точка со можност да се развива во универзитетски центар.

Прво, е убав град, Езерото и Градот, а понатаму има сместувачки капацитети кои што можат да се користат 10 месеци како студентски домови, а 2 месеци да бидат за туристичка намена. Таа предност ние треба да ја искористиме.

Што се однесува до средствата досега ниеден факултет или универзитет кој што бил во проект да се отвора не се затворил заради немање средства. Значи, досега се е покриено со Буџетот или со ребалансот на Буџетот. За овој Универзитет, кој ќе стартува во септември за оваа година се потребни средства само за 4 месеци заз функционирање на овие факултети, а за идната 2010 година треба за 12 месеци буџет.

Од тие причини јас ќе го поддржам овој закон и ќе гласам за истиот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Навистина човек не знае во кој дел да реплицира, а јас ќе се обидам во три минути што ги имам да се задржам искоучиво на Предлогот на законот кој ни е овде на маса.

Со Законот за високо образование, за кој што пишува дека нема да се почитува, има точно пропишана процедура за основање на високо образовна установа и за основање на Универзитет.

Во член 27, во условите за основање на високо образовна установа пишува: “утврдено студиско и научно истражувачко подрачје”

- обезбедени соодветни простории и опрема за опремување,

- потребен број на лица кои ги исполнуваат условите утврдени за избор во наставни звања”, тоа што во материјалот Владата вели дека не мора да се почитува бидејќи ова ќе бидело американски проект. Значи, Законот е прекршен. Законот е прекршен. Ако за вас како професор на машински факултет “применети науки и технологии”, Институт станува Факултет за информациони теории и анализи е корекција на насловот срамота.

И, ако факултетот за мрежни комуникациски технологии е комуникациски мрежи и безбедност, ако е тоа корекција на насловот исто е тоа греота. Тоа е сосема ново подрачје, нова област и тоа треба да се оцени од одборот за акредитација, од комисиите што постојат а не од ова ад хок комисија. Значи, Законот вели дека има пет факултети, три факултети и два институти, ама овие што ни се нудат се нови. Зборувам исклучиво за Законот што е пред вас на маса.

Значи, ниту член 27 е исполнет, ниту член 28 од Законот за високо образование е исполнет.

Добра идеја е на пример Здраве Чинговски, што крадат од струјата што ја увезуваме секојдневно да дадат на стечајните работници што се пред Собрание и пред Влада. И тоа е добра идеја ама не можеме да ја реализираме затоа што нема, стегнати се, и нема да ги дадат тие пари. Затоа од добра идеја до реализација има е--е--е--е, посебно кога таа добра идеја има ВМРО-оврска нишка, а тоа значи корумпирана нишка која што не е во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Затоа, јас неколку пати апелирав дека член 27 од Законот за високо образование е прекршен, член 28, 33, 34, 42. И, се разбира Деловникот за работа на ова Собрание затоа што, само зградата да ја префрлиме од Скопје во Охрид веројатно чини еден денар, освен за почитувачите на Деловникот на ова Собрание.

**Трајко Вељаноски:** Тоа е вашето мислење, секој има свое мислење.

Господинот Јован Лазарев има своја контра реплика, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам.

Тоично е тоа дека точка 5 од институт се менува во факултет, тоа е неспорно, стои во Законот, не го спорам јас, меѓутоа, околу исполнетоста на условите сепак ова е проект во развој сеуште. И донесувањето на Законот е проект во развој. Кога ќе се исполнат сите услови, значи има проект, има решение од одборот за акредитација, има простории, има избрано наставници, наставниците не се избрани уште, проектот трае, сеуште се развива, на крај кога ќе се исполнат сите услови се доставува барање до Министерството, Министерството испраќа комисија која што ги утврдува условите дали тие се исполнети согласно законот. Ако тие услови се исполнети во целост, тогаш министерот издава решение за барањето дејност настава и наука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Професоре Лазаров она што за колегата Николоски беше благородна идеја за вас е рационална изгледа. Ајде да говориме за рационалните измени.

Говорев дека предлог е платата на професор на овој Државен универзитет да изнесува 2,5 илјади евра, да му биде обезбедена куќа, целокупен приватен осигурителен аранжман, 18 илјади долари годишно за патување до матичната земја, 83 илјади годишно.

За доцентот тоа ќе биде исто така со се куќа, со осигурителна полиса и ќе кошта 66,5 илјади долари.

Почетните професори, асистенти, три пати годишно ќе можат професионално да патуваат, ќе имаат само апартман на товар на буџетот. Ќе имаат исто така целосно приватен осигурителен план и ќе ја чинат Република Македонија од својот буџет по 55 илјади долари.

Господине професор Лазаров вие и вашите колеги исто така на државниот универзитет имате просечна плата од 700 евра. Говориме лли ние овде за предлог за формирање на државен универзитет? Само ќе ви ја прочитам и последната фуснота во која се вели: вкупните вредности на цената колку ќе не чинат професорите, доцентите и почетните професори, асистенти, се блиску до 9 месечни плати и останати бенефиции во САД. Ние не сме САД, ние сме Република Македонија. Платите ќе се зголемуваат годишно согласно со оценувањата од студентите и прилагодувањата со трошоците за живот. Говориме ли за државен универзитет. Од Буџетот на Република Македонија ќе финансираме приватни грандиозни замисли на господинот Самакоски, татко на актуелен министер во оваа Влада? И за вас тоа е рационалнои?

Професоре Лазаров, ве молам, повелечете се во име на колегите од другите државни универзитети во Република Македонија. Ова не е државен проект. Ова е приватен проект, платен со државни пари и тоа не е рационално.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазаров:** Колешке Бендевска не е ова приватен проект, ова е проект на Владата и на државата Република Македонија. Цената која треба да се плати за оснивање на овој универзитет е таа. Ако сакаме ние да правиме регионален центар, светски центар и ако сакаме да донесеме професори од Америка, од Англија, од Германија мора да ги платиме барем делумно колку што тие таму заработуваат. Само така можеме да успееме, а ако им понудиме 500 евра, 600 евра никој тука нема да дојде.

**Трајко Вељаноски:** Реплика Има госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Господине Лазаров очекував барем вие да го зачувате личното достоинство не како професор, не како пратеник, туку како совесен граѓанин на Република Македонија заради тоа што ова денеска што го имаме е се само не мала корекција. Ова се крупни промени. Ова е потполно нов закон. Потполно нов универзитет кој што треба да се формира онака како што Законот за високо образование вели, кој што вие го донесовте меѓу другото.

Да ве потсетам дека вие во дебатата на 30 јуни кога го носевме претходниот закон за основање на универзитет, информатичка технологија не убедувавте дека просторни услови има, најдени се, се пренаменуваат, во општина аеродром, каде што е касарната, дека е најпогоден простор. Дека почетните бу џетски средства ги има и дека со ребалансот на бу џетот ќе се обезбедат по повеќе. Дека веќе има наставен кадар кој што е расположен да држи настава на универзитетот и не убедувавте дека на 15 септември 2008 година ќе почне да функционира универзитетот за информатички технологији во Скопје во општина Аеродром. И ние ви поверувавме и рековме добро, за општо добро ќе го поддржиме овој проект и покрај сите скепци што ги имавме и покрај сите скепци што ги имавме и се покажаа тожни за формирањето на 30 тина факултети пред предвремените избори и покрај скепците што ги имавме за формирањето на Универзитетот во Штип, а се покажааа точни дека е партиски универзитет затоа што братот на Жан Митрев стана ректор и со ова решение уште еднаш се покажува дека вие образованието го третирате само за задоволување на личните фрустрации и интереси на партиски членови на ВМРО ДПМНЕ. И затоа Самакоски, таткото ќе биде ректор на овој Унвиерзитет заради тоа што очигледно за нешто мора да му компензирате. Претпоставувам заради активноста на неговиот син веле Самак кој што не успеа ниедна странска инвестиција да донесе во Република Македонија.

Ако државте до личното достоинство ќе инсистиравте да добиеме мислење на одборот за акредитација заради тоа што тоа по законот мора да го имаме, ќе инсистиравте да го имате

проектот затоа што за мене е срамота господинот Грозданов да го има проектот и се знае во кое одморалиште ќе се држи наставата во Охрид, а вие да не го знаете тоа. Заради тоа што ако прочитавте дека за избори на енергија ќе се користи пренамена на океанска (езерска), термална енергија немаше да гласате сигурно за овој закон, ниту пак вака ќе дискутиравте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Јован Лазарев, повелете.

**Јован Лазарев:** Колешке Лошкова јас навистина не ве разбирам. Јас не употребив термин крупни и мали промени, јас употребив термин рационални промени. Останувам на тоа и ценам дека добар е предлогот и води кон рационализација. Ценам дека овој проект вака корегиран реално и ќе се оствари. Другото не би сакал да го коментирам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Марјанчо Николов, не е тука, го губи правото за збор.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам господине претседателе.

Една идеја е толку добра колку што е возможна нејзината реализација и за тоа господа пратеници немате овде обврска да давате зелено светло за добри идеји, туку имаме обврска да даваме зелено светло за добри идеи, кои што нудат шанси да завршат со добри резулати. Јас сакам денеска пред да ја почнам дискусијата да поставам многу едноставно прашање.

Вие тврдите дека Законот е одличен, дека проектот ќе гарантира светски квалитет на образование, како што велевте цело време врвно образование, не знам како читајќи закон можете да гарантирате врвно образование.

Претпоставувам дека тој што се мачел да заврши било каков факултет се му е врвно образование, било каква диплома на крајот му е врвна диплома. Меѓутоа, да се зборува за институција на која не е ставен камен дека ќе биде врвна институција за образование, мислам дека во најблага мерка е несериозно. Што ќе се случи господа пратеници што денес го браните законот, иако не ги имате ни основните податоци, што ќе се случи ако на 1 септември овој факултет уште остане како добра или одлична идеја. Што ќе се случи ако на 1 септември ги немаме професорите , ги немаме студентите и фала богу ја немаме лагуната во Охрид. Кој во оваа држава ќе понесе одговорност, дали молчеливиот заменик министер или невидливиот денес министер за образование. Дали ќе понесат одговорност ако два пати по ред оваа Влада ветува ваков универ- зитет и два пати се случи тој универзитет да не се формира. На кој министер и на која Влада да и веруваме, дали на оние кои пред година и пол дојдоа со еден закон и тврдеа дека ова е најдобрата, одлична идеја за врвно образование и кои што дојдоа, беше објавено во Службен весник точно кои се експертите задолжени за развивање на тој концепт, или на истата на таа Влада што сега доаѓа, ни предлага нов закон, нов проект и нови наводно странски експерти. Очекувам од заменик министерот да добијам образложение што се случи со оние силни групи за формирање на универзитетот, кој пред година и половина беа формирани од истото министерство и од истата влада. Каде се тие професори, странски и домашни експерти, дали стојат зад овој проект или во меѓувреме се откажаа. Дали сметаат дека ова е паметно решение или во последниве година и половина виделе дека се е само зборување, а не правење на реален државен универзитет, кој има шанси да вроди со плод.

Јас очекувам некој и во Министерството и во Владата, па и пратениците кои што толку здушно го бранат проектот, да ми каже што ако на 1 септември нема универзитет. Дали вие кои што го браните и Владата која што го бара да го усвоиме ќе понесете одговорност. Меѓутоа, еве дури и ако поминеме после прашањето на одговорност, ајде да погледнеме неколку работи кои што се видливи не само од законот, туку и од овој таканаречен проект.

Имено, беше споменато дека веќе неколку пати како пратеници даваме зелено светло за трошоци за правење на универзитетот. Моето прашање е каде отидоа парите кои досега се фрлени на овој проект. Беа ангажирани 20-30 луѓе, работеа, претпоставувам правеа трошоци, денеска ова што го предлагате нема никаква врска со тоа што го предложија тие. Дали парите се отидени во изработка на овој таканаречен како го велите проект од меѓународно консултантската група. На пола места во овој документ стои меѓународно консултантска група, на другата половина стои меѓународно консултантски одбор, на некое трето место стои група меѓународни експерти.

Е, ама ако го погледнете едно ова ливче кое згодно паднало од документот, ќе видите дека ниту има одбор, ниту има група, а најмалку од се меѓународна. Па, стои дека тројца професори го направиле, од кој едниот има фирма а не работи во образование, другиот работи во образованието но во друга област, ниту во компјутерска техно- логија, ниту во овој дел на техничките науки, туку е машински инженер, и третиот е професорот од Америка. Дали е ова таа меѓународна група и меѓународен одбор и дали тие се оние кои што ги влечат конците. Кој сноси одговорност за еден ваков проект кој Владата веќе го направила. Ако е ова меѓународниот одбор кој што изработил извештај кој ја одобри групата, дали Владата на Република Македонија изгласа овие тројца да изработат проект за нов универзитет и дали министерот Самак гласаше за својот татко да биде дел од оваа група. Па луѓе, потипичен и покласичен конфликт на интереси јас не знам кога чекаме да видиме, и изработиле проект, во тој проект нормално предвиделе и кој ќе биде ректорот. Ако правите еден ваков грандиозен проект, нормално е дека еден од тројцата што го пишувале ќе си се самоназначи за ректор. Вакво

ли високо образование ќе правиме? Или ви треба уште еден четврти ректор во најава кој ќе ја потпише кандидатурата на Ѓорѓе Иванов, па си викате ако Самаковски се потпише, еве ќе ви се бројат дека сите ректори, дури и на несоздадените универзитети даваат поддршка на нашиот кандидат.

Многу интересно е ако погледнете во списокот кандидати за членови на Управниот одбор. Многу скромно тројцата креатори на овој извештај си се ставиле себе си во овој Управен одбор, едниот од нив во награда за да не згреши Владата случајно во иднина да стави некој друг си се пишал самиот дека треба да биде ректор. Од тие 7-8 члена четворица врска немаат со компјутерски науки. Тие треба да го прават универзитетот кој ќе се сконцентрира само на оваа напредна технологија, а тие се професори по англиски, јазици, машински инженери, амбасадори без никакво техничко познавање, знаење или експертиза. Тие ли ќе прават универзитет за современа технологија? Другите двајца се двајца претставници на бизнисот кои работаат во таа сфера. Јас нема да навлегувам воопшто во случувањата со компанијата на идниот ректор. Тоа допрва Македонија ќе има последици за ваквото непочитување на одлуки на американската администрација, без разлика што е некоја нова сега американска администрација на власт тие си ја почитуваат државата и тие ќе го обележат овој универзитет како ризичен. Се прават нови технологии, а тие технологии може да завршат во некои земји кои што се опасност за светскиот мир. Е, па мислете му ја каква поддршка даваме и каков знак испраќаме на американската администрација која секој втор пратеник вели ќе биде на наша страна. Како сме тргнале нешто нема да биде на наша страна, ќе се откаже, крст вака ќе стави на Македонија, која што не знае да ги чита меѓународните сигнали.

И јас имав прилика откако ме потсети еден од колегите да му ја прочитам колумната на Ставрески кој вели дека сите одлуки кои ги носи Владата ќе ги прават со консултации со бизнис заедницата. Фала богу, добра идеја. Ме интересира зошто Владата, кога веќе седнала да прави Управен одбор на Универзитет кој ќе создава кадар за важен сектор од нашата економија, ИТ технологијата, компјутерската техника, дали нашата Влада им пиша писмо на двете стопански комори или на една од коморите која се фокусира само на информатичка технологија и да им каже: ве молиме, сакаме да имаме претставници на вашиот бизнис сектор, дајте двајца членови кои што сметате дека најдобро ќе ги претставуваат интересите не на своите фирми, туку на целиот сектор. Очигледно не. Владата сама си одлучила дека ќе го избере директорот на СЕАВУС и директорот на МИКРО-САН. Како очекувате тие да го застапуваат инте-ресот на бизнисот во целина, а не сопствените интереси на само две фирми од важен сектор. Или целта на Универзитетот не е да се помогне македонската економија, туку приватните фирми кои што се многу мал дел од македонската економија. Чисто како пример како ќе се однесуваат понатаму овие луѓе избрани од оваа Влада, еве ќе ви кажам што е подвлечено два пати како најважно во целиот овој материјал. Вели вака со две звездички кои што се неопходни и бараат итно финансирање. Вели вака: Да се обезбеди привремен ректор преку дискрециони фондови за негово финанси-рање. Е, тоа е најважно. Од цел проект за еден универ-зитет најважно било итно и дискреционо финан-сирање на ректорот.

Почитувани колеги, овде има конфликт на инте-реси , овде има потенцијал за корупиција, се има, само нема образование и наука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Денес говорницата беше многу пати употребувана во смисла на поставување на прашање и само одговарање, така што и од почитуваната Шеке-ринска, скоро сама си ги одговори сите прашања, а остана само едно прашање неодговорено. Јас ќе се потрудам да ви одговорам и да бидам краток.

Поставувате прашање дали ако од септември не отпочне со работа овој универзитет што ќе правиме понатаму. Г-ѓо Шекеринска, ова е сериозна Влада, Владата на ВМРО ДПМНЕ сериозно пристапува спрема сите проблеми. Сериозните влади го прават следното: До колку не се исполнат сите правни инфраструктурни решенија, тогаш нема да отпочне, ќе се одложи неговото постоење.

Да ве потсетам, вие за многу помали проекти како што беше државната матрура три години ја одлагавте, па никој од вас не побара никаква одговорност дали и дали и само дали. И ние чекавме да се создадат услови, па кога ќе дојдеме ние на власт да ви укажеме дека слабо сте работеле и дека државната матрура можеме да ја спроведеме и ја спроведовме успешно.

На крајот, кога сме веќе околу образованието, би сакал да напомнам дека сите овде треба меѓусебно да се респектираме и да ве замолам друг пат да доаѓате на седница и да се пријавувате за збор, затоа што пријавата ваша беше после, значи отпосле и бевте ставени на листингот. Мислам дека е срам за еден поранешен лидер на партија да бара да се прекрши Деловникот за работа на Собранието. Со сиот респект кон вас, но мислам дека сите сме еднакви тука. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика г-ѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Ама вие ептен не подготвени на седница доаѓате. Прво, министерот не се појавува за вака важен проект, затоа што знае дека не држи проектот, а потоа вие единственото што можете да го спомнете како аргумент е зошто не сум се пријавила?! Заради тоа што во ова време во 11,00 часот и

Националниот совет имаше седница. Во исто време јас не можам да бидам на две места и тоа само зборував за нерационалниот Деловник, а не за мојот однос кон Собранието, напротив.

Меѓутоа, г-дине пратеник гледам дека очигледно имате личен интерес за буткање на овој нереален проект, оваа Влада веќе покажа дека е неодговорна баш за овој проект. Да беше одговорна и дисциплинирана како што велевте овој универзитет веќе требаше да работи, требаше да отидеме таму и да погледнеме ученици внатре, професори. Се сеќавате што зборувавте пред година и половина? Професори странци, најдобри, врвно образование. Од нула почнуваме, го селат универзитетот за покритие, а 5-те факултети ги менуваат.

Господа пратеници, ова е само перење пари и се додека тоа не се промени, ќе останете и вие соучесници.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Николоси Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Ви благодарам претседателе.

Дискусијата по овој навистина битен закон заврши како што почна и заврши во стилот на претходниот парламентарен состав, односно по дефиниција и за се опозицијата да е против и против, без разлика дали идеите се добри или лоши. За жал, тоа политичко однесување помеѓу другото зборува зошто ситуациите се вакви какви што се, а начинот на однесување во оваа сала говори за нивото на политичка култура.

Би сакал неколку работи да кажам тука кои што мислам дека се клучни и со кои што треба да ја завршиме оваа дискусија. Треба сите заеднички и како власт и како опозиција да направиме се овој универзитет за информатички технологии, кој ќе биде со седиште во Охрид, да профункционира и не само да профункционира туку и да создава врвни кадри кои ќе можат своето знаење не само во Македонија туку и многу пошироко надвор од Македонија да го користат и да го продаваат. Соодветно на тоа, на Република Македонија да и носат бенефиции од своето знаење, заради тоа што Република Македонија само преку ваков начин на развој на своето високо образование може и има сериозни шанси да достигне врвен економски развој. Тоа е она што треба да ни е цел од овој универзитет.

За жал, ние слушнавме многу други работи тука, кои беа далеку од оваа дискусија, слушнавме работи кои што се однесуваа на хипотеза, работи кои се однесуваа на претпоставки, слушнавме работи од типот колку се потрошило, дали се потрошило, ако се потрошило, кој ќе бил ректор, кој нема да биде ректор итн. Клучот на оваа дискусија треба да е дали ќе имаме успешна високо образовна институција која што ќе создава квалитет.

Она што можеме да го видиме и по сите оние подготовки кои сериозно се прават досега, таква институција ќе има. Да не беше така, институцијата веќе ќе беше отворена, но се прават навистина сериозни подготовки за да имаме врвна институција која што ќе го надминува нивото можеби и на сите од овој тип високо образовни институции во Југоисточна Европа и јас силно верувам во тоа дека тоа ќе се случи.

На крајот, ги повикувам колегите од опозицијата заедно со нас од парламентарното мнозинство заеднички да ја поддржиме оваа идеја, која што ќе значи формирање на квалитетна високо образовна институција за информатички технологии со седиште во Охрид, која што ќе треба да создава квалитетни високо образовани кадри, заради тоа што на крајот после неколку години, ако сакате и после деценија, битно е и за Охриѓани и за сите останати кој бил за, а кој бил против високото образование од врвен квалитет. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има г-ѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Ајде уште еднаш за потсетување. Пред година и половина СДСМ даде поддршка за овој проект, и за универзитет и за факултети и што се случи? Едно големо ништо. Сега ние сакаме да се однесуваме како одговорна опозиција и да кажеме дека за приватни проекти со приватни интереси државни пари сметаме дека не треба да се даваат. Тоа се што говорите вие се хипотези, ама едно е реалност. Погледнете го материјалот, дизајнирање на веб сајт, договор со фиксна цена за не знам која е Петина Шибе и имплементација на веб сајтот со договор со фиксна цена, спротивно на Закон за јавни набавки, 21 илјада долари. Па зарем ние треба да дадеме зелено светло за непочитување и на Законот за високо образование и за кршење на Законот за јавни набавки и за корупција.

Почитувани колеги пратеници, немојте да се ставате во улога на аминувачи на нечиј криминал и корупција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за образование, наука и спорт како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за образование, наука и

спорт и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. Од нив за предложениот заклучок гласале 56, воздржани нема, 5 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 10-Дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование - второ читање.**

Дополнетиот предлог на Комисијата за образование, наука и спорт како матично работно тело и на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ве известувам дека врз основа на точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Врз основа на член 156 став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членовите 1, 5 и 8 што се изменети со амандмани на работни тела.

Отворам претрес по членовите 1, 5 и 8 на Дополнетиот предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по членовите 1, 5 и 8 да се пријават за збор. Благодарам.

За збор се јави и има збор Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова**: Благодарам претседателе.

Станува збор за изменувањета и дополнувањат на Законот за високо образование кој беше дебатиран на комисии што ние како пратеничка група го подржавме и го подобрувме со амандманите кои беа предложени од наша страна и усогаглсени заедно со предлагачот на овој закон, со претставникот на Владата. Благодарение на тоа многу недоследности и одредби во законот за високо образование кои можеа да придонесат за злоупотреби од страна на инволвиранитре во високото образивание, беа допрецизирани и вметнати во ова законско решение кое е исклучително подобрено благодарение на ваквите решенија.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека пратеничката група на СДСМ ќе го подржи ова законско решение, исто така како што ги подржувала сите иницијативи кои се за општо добро за граѓаните на Република Македонија. меѓутоа од овој момент па натаму односно почнувајќи од претходната точка за формирање на Универзитетот за информатички технологии па натаму, веќе нема да подржуваме законски решенија кои не се за општо добро туку кои задоволуваат лични партиски потреби на членова на ВМРО ДПМНЕ. Тоа сакам да го потерцирам особено заради колегата Александар Николовски кој неправедно не обвини дека не сме подржувале законски решенија кои не се за доброто на граѓаните. Напротив, секое законско решение кое е за општо добро сме го подржале, меѓутоа се покажало дека таквата наша подршка на формирањето на 30-тина факлутети, на формирањето на Универзитетот во Штип, на формирањето на Универзитетот за информатички технологии што требаШе дабиде во Скопје е злоупотребена од страна на ВМРО ДПМНЕ за лични интереси и лечење на лични фрустрација на членови на ВМРО ДПМНЕ. За такви проекти од сега натаму нема да даваме подршка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по членовите 1, 5 и 8 е завршен.

Пратеникот Наташа Јаневска поднесе амандмани на член 1 за менување на став 1 на на член 8 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Наташа Јаневска го повлече амандманот на член 8 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Наташа Јаневска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука, повелете.

**Линдита Ќазими:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на дополнетиот Предлог на закон.

Бидејќи е усвоен еден амандман на членовите на дополнетиот предлог на закон, констастатирам дека е заврШено второто читање по Предлог на законот.

Врз основа на член 161 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, на Собранието му предлагам третото читање на Предлогот на законот да се одржи на ова седница.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, сите гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се одржи третото читање на Предлогот на законот.

Врз основа на член 161 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, ве

известувам дека веднаш преминуваме на третото читање на Предлогот на законот.

Преминуваме на гласање.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 од Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за Предлогот гласаа сите 62, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 15 пратеници, за Предлогот гласаа сите 15 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование.

**Минуваме на точка 11 - Дополнет предлог на закон за ловство - второ читање**

Дополнетиот предлог на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, како матично работно тело на Законодавно-правната комисија како и Извештајот на Комисијата за европски прашања, како заинтересирано работно тело ви се доставени.

Врз основа на член 156 став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членовите 9, 13, 19, 54, 55, 58, 64, 74 и 77 што се изменети со амандмани на работните тела.

Отворам претрес по членовите 9, 13, 19, 54, 55, 58, 64, 74 и 77 на дополнетиот предлог.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по членовите 9, 13, 19, 54, 55, 58, 64, 74 и 77 да се пријаваат за збор.

За збор се јави само господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев**: Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер.

Во текот на првото читање голем број на колеги пратеници дадоа свое видување на овој закон и тогаш во една плодна расправа укажавме на некои сегменти кои што мислевме дека треба да бидат вградени во еден ваков закон и тогаш и министерот се согласи со голем број на наши забелешки. Меѓутоа за жал, при ова второ читање се случи нешто за што навистина морам јавно да го искажам моето жалење. Се усвоива амандмани кои што мислам дека го влошија законот. Ценам дека и во оваа прилика е потребно да го изразам моето незадоволство и незадоволството на голем број на луѓе од теоретската, би рекол од експертската јавност во Република Македонија кои што имаа можност да го прочитаат овој втор дополнет предлог на закон за ловство. Имено голем број на луѓе се јавуваа зошто се направени вакви измени и со која цел, се разбира, особено измените коишто беа во членот 9. Сите, почитувани колеги, знаеме дека овој закон претрпе и во изминатиот период неколку измени од кои што последиците се уште не ги знаеме. Сега се случува токму нешто слично, во членот 9 определени видови на дивеч..

**Трајко Вељаноски:** Господине Ќуркчиев зборуваме за членовите 9, 13, 19, да не ги читам другите, а не за членот 1.

**Никола Ќуркчиев**: Тие се поврзани. Може и за членот 19 заради тоа што навистина тоа е пак поголем апсурд, нели, за кој што мора да се реагира и онаму кај што требаше да се реагира во Законот јас веќе кажав, не се реагираше, се таму кај што не треба. Замислете ако сакаме да зборуваме за членот 19, министерот има право да состави листа на птици кои му се во неговото решние од 1997 година како подзаконски акт и кој се корисни за земјоделството и шумарството. Меѓутоа сега вака како што е поставен законот, ако го прочитате ќе видите дека тоа воопшто не кореспондира едно со друго и треба да се опоределите, или да ги укинете актот, или да признаете дека овој член не смее да постои.

Ако остане вака како што е , тогаш очекувам министерот да се јави и многу брзо до Парламентот да достави и да определи водови на птици кои ќе бидат штетни за земјоделството, ако остане вака како што е. навостина не можам да ја разберам целта на едно вакво решение во оваа на предизборие, би рекло, во Република Македонија, тершко е да се зборува за Закон за ловство. И покрај тоа што има европско знаменце тешко можам да разберам енкои колеги, а министерот уште помалку можам да го разберам, прифати дека дивата мачка треба да биде заштитен дивеч во Република Македонија. Кога разговарав со експретите ми рекоа дека ако најдат само еден експерт кој ќе застанене зад едно вакво решение, тие јавно ќе излезат и ќе го кажат својот збор, за што јас мислам дека многу брзо ќе биде така, меѓутоа жалам, еве се случи тоа што е, претпоставувам заради тоа што сите знаеме што е тоа ситен дивеч што значи дива мачка, јазовец, да не зборуваме за некои апсурди кои стануваат се поприсутни во Република Македонија. онаа за што експертската јавност се чуди е зошто членот 35 став 2 каде се бара банкарска гаранција на сите ловни здруженија во Република Македонија, не е синмнато. Кое ловно друштво може да обезбеди десет годишна банкова гаранција која не е помала од 20 илјади евра и тоа само са ситен дивеч, или кое е тоа ловно друштво кое може да обезбеди банкова гаранција на 20 година, за крупен дивеч. Повеќе

од јасно е, оној што го прочитал законот, дека такво нешто не може да егзистира во Република Македонија . Меѓутоа во право се сите оние што јавно прашуваат и ќе прашуваат во наредниот период, дали има обезбедено пари во буџетот на Република Македонија или Министерството, за она што веќе се става под заштита и штетите кои ќе бидат доживеани во Република Македонија, токму од таа заштита. Сите оние кои што не биле во некое ловишта и не знаат колку хранилишта има, меѓутоа да забраните ловење на дивеч во хранилиште во радиус од 200 метри е навистина е несериозно и таков амандман да се прифати ако знаеме дека имаме ловишта со 20 или 30 хранилишта. Јасно е дека такво нешто не може да егзистира. Уште посмешно е членот 54, нели, каде што треба некој да дојде од Министерството да утврди замислете каде е крај на селото и 100 метри од тој појас не смее да се лови. Имаме села каде има од една куќа до друга куќа има 500 и 600 метри, а вие зборувате од 100 метри. Едно одлично решение кое што беше во Законот дека населено место не е ловна површина, некој сакаше да го промени и навистина не знам зошто беше потребен еден таков би рекол апсурд од кои што сите утре како пратеници во овој Парламентарен дом треба да се срамиме.

Не сакам да зборувам за ветеринарите кои што, претпоставувам дека треба да бидат во иднина рамо до рамо со ловочуварите и со ловните инспектори иако ниту некогаш учеле, јас се извинувам доколку сега на ветеринарните факултети се изучува ловната балистика, ловната кинологија, доколку се учи како се создаваат ловно стопанските објекти и ловно стопанските основи, меѓутоа еве чудно е да им даваме за право на ветеринарите една таква можност, на шумарските инжинери, на сточарите, да речеме, да не им се даде тоа право. Но, што е тука е. јас уште еднаш сакам само да го изразам моето жалење што еден ваков закон со европско знаменце беше многу подобра во првото читање отколку ова второ читање. Уште еднаш потенцирам дека многу брзо овој Парламент ќе биде во можност д а дискутира за овој закон со други измени коиќе дојдат токму од предлагачот. Затоа СДСМ ќе се спротивстави на ваквите измени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров**: Благодарам претседателе.

Почитуван Ќуркчиев јас го почитувам мислењето на експертите, но го уважувам и мислењето на луѓето кои одат на лов. Меѓу колегите пратеници има најмалку 15-тина колеги кои почесто одат на лов и прашајте ги кога последен пат на нашите ловишта имаат видено примерок на дива мачка. Веројатно во 5 последователни години одење на лов, еднаш во 5-те години. И за рисот кој за среќа го имаме на мозаикот во салата на Собранието и како бренд на нашта прва монета од 5 денари. За жал, веЌе со години нема жив чоевк, ниту ловец кој може да биде примерок на рисот кој е заштитен македонски бренд. Шеесеттите години, 1961 зборат луѓето во Охрид во планинатас Караорман имало наезда на рисови. Тогашните народни полицајци секое сабајле тепале по неколку примероци рис. Сега германска научна експедиција со години сака да фати или види жив примерок на рис за да се земе ДНК и да се види неговиот начин за опстанок и припитомување, но 3 години по ред од рисот се наоѓаат само траги во зимскиот снег. Истата е судбината и со дивата мачка. Има евидентирано триесетина примероци на дива мачка во Националниот парк Маврово, ги имало порано секаде. Јас ги знам вашите тези и тезите на одредени експерти дека ќе го загозува опстанокот на фазаните. Исто е и со јазовецот. И довата мачка и јазовецот, од член 9 став 3 и од член 13 каде ја ставаме под трајна заштита, во сите законодавства на соседните земји и во закондавствата на Европската унија, е заштитено животното. Да не се случи судбината на рисот кој во минатиот век го имало и во источна Македонија, на планината Плачковица, а денес буквално е тешко да се дојде до трага од него. Значи, да не се случи судбината на рисот, диватата мачка и јазовецот, мислам дека се добро реШение што се животни под трјна заштита. И на член 19 за птиците кои не се дивеч и кои се под заштита, навистина сметам дека е добро решение. Во оваа група на птици се наоѓа и славејот, се наоѓа исто и традиционалната бренд птица од Македонија која се шверцува, знаете и самите фатени се минатиот пат на граничниот премин Богородица како се шверцуваат 150 птици промероци славеј. Со член 19 ги заштитуваме и птиците кои не се корисни за змејоделствот и шумарствот ама си имаат свое место во биосветот околу нас и не постојат заради нас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Никола Ќуркчиев повелете.

**Никола Ќуркчиев**: Поитуван колега, ретко водиме реплика но еве се случува и тоа.

Навстина ја пофалаив вашата дискусија на седница на Комисија кога дадовте голем број на позитивни примери како и на кој начин да се подобри овој закон. очекував да биде тоа и на последната седница, меѓутоа не го направивте тоа не знам од кои причини. Сега повеќе зборувате за рисот отколку за дивата мачка, во случајов, за која треба да дискутираме.

Почитуван колега, апсолутно не е проблем некој дивеч да се стави под трајна заштита. Проблем е да знаат граѓаните во тоа што штетите што ќе ги направи тој дивеч под трајна заштита ги сноси државата. Имено, сите штети кои што ќе бидат направени, ве молам, земете ја одговорноста и кажете дека ќе ја сносите, барем дел, како пратеничка група и вие. Инаку, мислам дека повеќе од потребно е да се симне оваа забрана.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, навистина ми е жал и чудна ми е оваа реакција денеска на господинот Ќуркчиев како претседател на Комисијата за земјоделие, по се изгледа дека тој законот го прочита после второто читање со измените, најверојатно Предлог законот го немаше прочитано, бидејки ако го имаше прочитано, значи можеше да реагира на Комисијата. Тој претседаваше со Комисијата и тој гласаше за сите измени и за сите амандмани. И навистина е нерационално денешното обраќање на господинот Ќуркчиев.

Јас би ви реплицирал околу вашата забелешка зошто ветеринарните инспектори по овој закон можат да бидат ловни инспектори. Господине Никола Ќуркчиев, во цела Европа во сите закони за ловство, во сите европски земји дозволено е ветеринарните инспектори, докторите по ветеринарна медицина да можат да бидат ловни инспектори. Всушност со амандманот што го предложивме, значи, направивме усогласување на овој закон со Законот за шумска и ловна инспекција. И не знам каде е проблемот околу тоа, бидејки исто како што се изучува на Шумарскиот факултет, исто и на Ветеринарниот факултет се изучува предметот ловство и покрај 11-те семестри кои докторите по ветеринарна медицина ги посветуваат комплетно на проучување на животните, се изучува и научната дисциплина ловство која е комплетно опфатена со два семестри. Така што овој закон со измените кои беа прифатени од наша страна е доста добар, ги следи светските и европските трендови. Со овој закон се заостува контролата за потеклото на дивечот, деловите од дивечот трофеите, со овој закон ќе се намали криволовството во Македонија, со овој закон се отвора една многу поголема, посветла перспектива за ловството. Затоа ние ќе го подржиме овој закон. За во иднина би предложил до колку имате некој против за некои измени да бидете доследни, да гласате против и на Комисија, а не на Комисија да ги подржите сите измени кои се внесени во овој закон, а сега да се изјасните дека сте против тие измени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван колега, право е на пратеникот да се јави тогаш кога тој смета дека треба да се јави за збор, без разлика дали се работи за пленарна седница, или пак на некое работно тело во Собранието на Република Македонија. Имено, би сакал да ве запрашам заради тоа што во меѓувреме ѕвонат мобилните телефони и се јавуваат голем број на луѓе кои што ја следат оваа седница и го кажуваат своето искуство, а дел од нив се и претседатели на ловни друштва низ Република Македонија. Би требало да ги слушнете и нив. Но, бидејки зборувавте за членот 58 и 74, јас ви зборував за членот 64 за кој што вие сакавте да зборувате. Меѓутоа, ако ми покажете било кој ветеринарен лекар кој што ќе знае да направи ловостопанска основа,кој што ќе знае да ја прочита ловостопанската основа, кој што ќе знае што е тоа ловно стопански објек, кој што ќе знае да зборува за ловна кинологија, тогаш може да зборувате.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по членовите 9, 13, 19, 54, 55, 58, 64, 74 и 77 е завршен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на дополнетиот Предлог на закон. Поради тоа што Собранието не усвои ниеден амандман на дополнетиот предлог, врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 52 пратеници, од гласањето се воздржаа 8 пратеници, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ловството.

**Минуваме на точката 12 - Дополнет Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта - второ читање.**

Дополнетиот Предлог на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Врз основа на член 156 став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седницата на Собранието се води претрес само по членот 16 што е изменет со амандман на работните тела.

Отворам претрес по членот 16 на дополнетиот Предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по членот 16, да се пријават за збор.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, односно нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по членот 16 е завршен.

Пратениците Катерина Димеска и Анета Стефановска поднесоа амандман на член 16 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Јашари и Тахир Хани поднесоа амандман на 16 став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1,поднесен од пратениците Катерина Димеска и Анета Стефановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Љупчо Димовски, заменик министер за транспорт и врски.

**Љупчо Димовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и амандманот станува составен дел на Дополнетиот предлог на закон.

Отворм претрес по амандманот на член 16 став 1, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Љупчо Поповски, заменик министер за транспорт и врски.

**Љупчо Димовски:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот е прифатен и амандманот станува составен дел на Дополнетиот предлог на закон.

Бидејки се прифатени, односно усвоени амандмани на членот 16 став 1, ќе се подготви и правно-технички ќе се уреди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта за трето читање.

**Минуваме на точката 13 - Предлог на закон за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат-Скопје-прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно-правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор се јавија: заменикот министер за транспорт и врски, господинот Никола Ќуркчиев, госпоѓата Весна Бендевска, госпоѓата Славица Грковска Лошкова, госпоѓата Цветанка Иванова, госпоѓата Димеска Катерина.

Има збор заменикот минситер за транспорт и врски.

**Љупчо Димовски:** Благодарам претседателе.

Имајки ја во предвид неопходноста за изнаоѓање на оптимално решение за квалитетно тековно одржување на патната мрежа во Република Македонија, државниот интерес и потребата за нејзина модернизација и проширување, особено на паневропските патни коридори во согласност со европските стандарди и барања, како и состојбата во ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат, се налага потребата од негова трансформација со единствена цел за негово приспособување за ефикасно извршување на задачите и обврските. Согласно Законот за јавните патишта член 30 и 31 ЈП Македонијапат е задолжено за извршување на повеќе сложени работни задачи и обврски за редовно и зимско одржување на магистралните и регионалните патишта и нивно проектирање за изградба и асфалтирање, за изработка и поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација и заштита, за автоматско и рачно броење на сообраќајот, за катастар на патиштата, за наплата на патарина и за информативната служба за состојбата на патиштата.

Со членот 83 став 2 пропишано е ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат да продолжи да ги извршува работите од својата надлежност до влегување во сила на законот за негова трансформација. Врз основа на изнесеното соочено со сериозни проблеми во работењето и актуелната неликвидност на претпријатието, оптоварено со вонредни непланирани трошоци во основ на камати и со зголемени трошоци за одржување на застарената механизација, се предлага донесување на закон за трансфорамција на постојното Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат, со што ќе се извршат статусни промени на Јавното претпријатие наведено во членот 1.2. Со одредбите од Предлогот на законот се пропишува начинот и постапката согласно кој ќе се изврши трансформацијата на Јавното претпријатие Македонијапат.

Со одредбите од Предлогот на законот во член 3, се предлага постојното јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат, да се подели на два нови субјекти во државна сопственост, односно да се изврши трансформација во две новоосновани акционерски друштва во државна сопственост и тоа: Акционерско друштво за одржување на патишта Македонијапат одржување Скопје и Акционерско друштво за услуги на патишта Македонијапат услуги Скопје.

Со одредбите од законот во член 4 предвидено е трансформацијата да биде извршена врз основа на план за поделба изготвен од страна на Јавното претпријатие Македонијапат, врз основа на претходно проценетата вредност на државниот капитал на Јавното претпријатие, утврдена од страна на независен овластен проценител. Проценетата вредност на државниот капитал се утврдува со примена на методот корегирана книговодствена вредност со состојба на 31.12.2008 година. Планот за поделба ќе содржи одредби за начинот на кој ќе биде извршен преносот на проценетиот имот, правата и обврските на Јавното претпријатие Македонијапат врз новооснованите друштва, детален опис на распределбата, креирање на почетните биланси на состојба и вработените кој ќе го утврди Владата на Република Македонија. Во моментов се врши финансиска проценка на Јавното претпријатие од страна на независна финансиска куќа избрана на тендер во декември 2008 година, а проценката ќе заврши во месец април оваа година.

Во постапката на трансформација на Јавното претпријатие Македонијапат член 5, ќе се изврши поделба на имотот. Средствата, вработените, правата и обврските поврзани со одржувањето на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта, со пренесување на Акционерското друштво за одржување на патишта Македонијапат одржување Скопје и на имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со давање на услуги на автопатиштата, магистралните и регионалните патишта со пренесување на Акционерското друштво за услуги на патишта Македонијапат услуги Скопје. Особено е битно да се напомене дека со трансформацијата на Јавното претпријатие Македонијапат, по било која правна основа нема да бидат оштетени доверителите кон Јавното претпријатие наведено во член 6. Со законот е предвидена можноста во основаните акционерските друштва во државна сопственост да се приватизираат на начин и постапка утврдени со закон, а постапката на трансформација на Јавното претпријатие Македонијапат завршува со уписот на новоснованите друштва во Централниот регистар на Република Македонија согласно член 7, и со соодветна примена на одредбите од Законот за трговски друштва, согласно член 8. Целта на донесувањето на овој закон е создавање на можност, постојното претпријатие да се приспособи на пазарни услови на работење според комерцијални критериуми, да се надминат неповолните состојби во претпријатието и да се обезбеди ефикасен механизам на функционирање и квалитетно извршување на работните задачи и обврски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Ова е навистина еден интересен закон, трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат е работа за која што и во претходниот состав на Парламентот, често пати знаевме да дискутираме. Како што кажа заменик министерот целта на оваа трансформација е конечно ова Јавно претпријатие да почне да стопанисува согласно новите текови на нашето современо живеење. Меѓутоа, почитувани колеги повеќе од очигледно е дека еден ваков предлог на закон кој што ни е доставен и за кој што денеска треба да зборуваме, дека е направен многу набрзина и повеќе од очигледно е дека истиот има своја намена, или дека е правен наменски. Да се понуди закон за приватизација на Македонијапат и тој закон да има само 7 члена, само по себе зборува колку сериозно се пришло на работиве. Значи, апсолутно вршиме трансформација на јавно претпријатие чиј што капитал може да претпоставувате колкав е, ако само една милијарда добива од Буџетот на Република Македонија, ако повеќе од 300, 400 милиони годишно остварува со вршење услуги на трети лица, јасно ни е за какво претпријатие станува збор. И Владата ни нуди закон кој што всушност има 9 члена, меѓутоа севкупно можеби има повеќе и од 30 реченици.

Инаку, почитувани колеги, замислете што пишува во законот. Пишува дека еден ваков Предлог закон ќе имплицира финансиски последици по Буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, во овој момент ниту Владата, ниту експертите во Министерството не можеле да определат колкави ќе бидат тие. Ако го земете Деловникот, ако го земете законот и го прочитате член 135, ќе видите ниту пак парламентарната пракса познава досега не беше својствено навистина да дојде закон во Парламент, а финансиските импликации да не се дефинирани.

Почитуван заменик министер, дозволете ми да ги потсетам сите оние колеги кои што ја следат оваа седница и кои што не знаат дека Јавното претпријатие Македонијапат е фирма која што до 1998 година егзистираше со повеќе од 1200 вработени. Од 1998 до 2002 година со плус 480 луѓе и фирма која што во тој период направи долг поголем од 467 милиони денари. Подоцна ќе кажам зошто е ова важно.

Да потсетам и на една друга работа многу важна почитуван заменик министер, која што претпоставувам дека сте ја заборавиле, или пак сте заборавиле да ни ја соопштите, а тоа е Законот за задолжување на Република Македонија со заем од Европската банка за обнова и развој по договор за заем по проект за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа.

Чинам дека беше во ноември кога го донесовме тој закон, за кој што на голема врата зборуваше и министерот за транспорт и врски и министерот за финансии дека патните правци повеќе од 160 километри во Република Македонија ќе бидат реконструирани, а и голем број на локални, општински патни мрежи.

Дозволете ми да цитирам нешто од тој закон, кој што е директно поврзан со носењето на еден ваков закон за кој што денеска зборуваме. Цитирам:” најдоцна до 31.12. 2009 година Владата на Република Македонија ќе подготви закон за преструктуирање на Македонија пат и истиот да се достави до Европската банка за обнова и развој на коментари пред доставување на Предлогот на законот во Собранието на Република Македонија”.

Нормално, после еден ваков цитат, после еден ваков договор, после ваков донесен закон во Парламентот јасно е дека ќе се постави прашањето кој е коментарот на Европската банка за обнова и развој во врска со овој Предлог на закон.

Прво, дали сте побарале коментар, ако сте добиле односно сте побарале и добиле тогаш

зошто не ни е доставен на нас пратениците во Парламентот и

Ако пак случајно не сте побарале и не сте добиле одговор тогаш не требало да дојде овој Предлог на закон во парламентот. Зошто? Затоа што ќе го прекршиме веќе донесениот закон за кој што пред малку зборував.

Дозволете ми уште нешто да прочитам од тој закон “дополнително за повлекување на втората транша, 25 милиони евра “се вели “функционална агенција за државни патишта во согласност со Законот за јавни патишта. . . “, за кој што беше претходната точка, “. . . .раководството да Агенцијата за државни патишта ќе треба да донесе и отпочне со имплементација на новата организациона структура прифатлива за банката”.

Со ова сакам да укажам почитуван заменик министер дека ние ги носиме законите во Парламентот, меѓутоа тие закони важат за сите нас. Значи, и вие како Министерство мора да го почитувате законот кој е донесен пред два месеци. Значи, Република Македонија и Владата на Република Македонија би требало да ги почитуваат препораките кои што се вградени во донесениот закон на Европската банка за обнова и развој која со 7 експерти учествуваше во правење на програмата за трансформација на Македонија пат до пред две години. Дали сега тоа значи, дека Владата сама ќе си ја понесе својата одговорност и согласно законот, кој што сама си го нуди, ќе донесе свој план, без разлика дали тој план ќе значи почитување или не почитување на препораките потпишани во овој закон.

Дали тоа значи дека Владата сама ќе си донесе свој план, сама ќе си го напише, сама ќе го усвои и сама ќе го реализира. Поинаку кажано, народски кажано таа ќе прави што сака.

Токму од тие причини сметам дека тоа не е можно во Република Македонија, меѓутоа досега не беше пример со носење на закон вакво нешто.

Се разбира голем е бројот на луѓе кои што се јавуваат и прашуваат што е со акциите на вработените во јавното претпријатие Македонија пат. Дали тие воопшто имаат, дали тие изнесуваат само 30% или се малку повеќе и кога вработените во Јавното претпријатие Македонијапат ќе знаат дали треба да разговараат со Владата на Република Македонија, дали имаат право да разговараат со експертите од Европската банка за обнова и развој и колку навистина изнесуваат нивните акции. Се разбира, сите закони треба да се почитуваат, меѓутоа особено кога работиме со меѓународни финансиски, монетарни институции, јас мислам дека тие треба да имаат приоритет. Токму од тие причини сите знаеме почитуван заменик министер што значи промена на една, на една точка или на една реченица во таквите договори.

За една клучка ние во Ѓевгелија на автопатот Е-75, на коридорот 10 три години изгубивме да ја направиме кај Прдејци. Три години чекавме подршка и позитивно мислење. Замислете, сега се работи за јавно претпријатие, ние апсолутно не го почитуваме законот кој што сами го донесовме, кој што го потпиша Владата на Република Македонија.

На крајот на краиштата се надевам дека сите овие мои укажувања ќе ги земете предвид и дека следното читање на овој закон ќе биде многу посериозно, многу видоизменето отколку оваа страна која што ја нарекувате закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Знаев дека вие ќе дојдете да браните ваков Предлог на закон, а не господинот минситер за транспорт и врски. Со очекувани безброј прашања што ќе доаѓаат од наша страна и претпоставувам дека вие полесно некако ве маргираат, не сте од ВМРО ДПМНЕ, па некако ќе се обидеме да протуркаме закон предлог на ВМРО ДПМНЕ, но тоа е ваш личен избор.

Јас сакам до вас да го поставам основното прашање. Која е целта на овој закон? Вие убаво овде сте напишале - со цел да се надминат неповолните состојби во патната инфраструктура. Тие се евидентни, ама Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ тоа го констатира уште во јули 2008 година, кога го направи проектот за подобрување на регионалната и локална патна мрежа и процени дека за тоа и се потребни 120 милиони евра. 70 милиони евра ова Собрание, во овој состав земавме како заем од Светска банка. Но, господинот Славвески придружуван од господинот Миле Јанакиевски и директорот на Агенцијата за државни патишта увидоа дека им недостасуваат 50 милиони евра, а се ближат локални, мартовски избори и отидоа и пред Европската банка за обнова и развој ги побараа дополнителните 50 милиони евра. И ги зедоа, бидејќи ги гласавте вие колеги од владеачкото мнозинство. Тоа е еден огромен капитал за кој, како што говореше колегата Ќуркчиев, Агенцијата за државни патишта како корисник на овие средства прифати определени услови пред Европската банка за обнова и развој со точно дефиниран тајминг. Еден од тие услови беше најдоцна до крајот на 2011 година, без малку две години Агенцијата за државни патишта да преземе одредени надлежности врз Македонијапат што имплицира дека судбината на Јавното претпријатие Македонијапат е обезбедена до 31 декември 2011 година, меѓу кои освен броењето и обемот на сообраќајот и надзорот на проектирањето и наплатата на патарините, како и она, претпоставувам, што е клучно и во овој момент на интереси. Во тие обврски точка 6 ќе ја цитирам, бидејќи работен маетеријал ни беше кога го донесувавме законот за заем од 50 милиони евра. Вака пишува:”најдоцна до 31 декември 2009 година Владата ќе подготви закон за преструктуирање на

Македонијапат", тоа е овој закон, значи Владата побрзала 10 месеци, но прво истиот ќе го достави на мислење до Европската банка за обнова и развој на коментар пред да го достави Предлогот на законот до Собранието на Република Македонија. Бидејќи околу овој работен материјал владеачкото мнозинство од ВМРО ДПМНЕ веќе го изгласало, тогаш каде ви е мислењето од Европската банка за обнова и развој господине заменик министер. Или сте го заборавиле во некоја фиока, или се обидувате да се наслоните на она што значи кратко помнење на опозицијата. Па нели сега ќе се обидеме тој документ да го заборавиме дека бил, затоа што претпоставувам непријатно ќе ви биде ако Европската банка за обнова и развој во улога на супервизор пред еден Предлог на закон да дојде во Собрание, во Законодавниот дом веќе се произнело. Ама, она што е најважно, намерата за трансформација на јавното претпријатие Македонијапат вие сте ја напишале повторно обидувајќи се да се наслоните на она што значи опозицијата, веќе ќе сака да го заврши овој последен, оваа последна работна седница во очи на изборите и ќе побрзаат за дома, па нема да го прочитаат.

Намерата е да се трансформира јавното претпријатие Македонијапат, кое до сега ги вршеше надлежностите на одржување и заштита на магистрални и регионални патишта во акционерски друштва, две - Македонијапат услуги и Македонијапат - одржување. Ама тоа е претпоставувам многу кратко временски предвидено ограничена фаза, затоа што овде со ситни букви стои "со законот е предвидена можност овие нови основани акционерски друштва да се приватизираат". И тоа со член 6, така пишува и вие така сте напишале како предлагач. Со членот 6 од законот предвидена е можност со трансформацијата можат да се приватизираат овие две акционерски друштва. Членот 6 вели вака, цитирам: "трансформацијата не може да биде на штета на доверителите на ЈП Македонијапат по било која правна основа". Па, претпоставувам каде лежи зајакот. Вие ги знаете кои се доверителите, трансфорамацијата согласно Законот за трговски друштва нивните побарувања ќе ги претворивте во акции и ќе им го отворите патот на веќе познати личности, бидејќи тоа е веќе тренд и манир во однесувањето на ВМРО-ДПМНЕ да станат сопственици, приватни сопственииции на претпријатие кое досега не само што функционирало користејќи средства од Буџетот туку извршувало јавни овластувања и го штитела јавниот интерес. Кажете сега господине заменик министер откога ќе ја трансформирате Македонијапат и набрзина ќе ги приватизирате двете акционерски друштва кој ќе го штити јавниот интерес бидејќи нели овде сте навеле целта на овој проект е да им овозможите на општините полесно да се отвараат пред полесен достап до пазарите и услугите. Значи, проектот за подобрување на регионалната и патна мрежа е во контекст на рамномерниот регионален развој во Република Македонија. Така сте напишале тогаш за заемот, за истиот проект сега, ама сега апсолутно ќе остане недообјаснето. Парите ги зедовте бидејќи имате закони, 120 милиони евра. Брзате претпоставувам со трансфорамцијата, затоа што се локалните избори, па ќе треба на ВМРО-вските условно да кажам општини каде што се градоначалници од ВМРО-ДПМНЕ финансиска инекција. Нели набризина, знам во Битола, се е раскопано Талевски чека пари за да се прикаже дека е успешен градоначалник. Добро, Миленко Неделковски што не поминал по Битола ќе рече повторно Битола бомбардирана од Грција. Не е така. Владимир Талевски веројатно му се ветени пари особено за пристапот од Прилеп кон Битола, и ако не ги добие, а мора да ги добие затоа и ви е брзањето за оваа трансформација. Ќе останеме осиромашени за едно јавно претпријатие кое врши јавни услуги бидејќи немате намера со овој закон да го усогласувате основањето на ова Јавно претпријатие согласно одредби од Законот за трговски друштва. Апсолутно не. Имате намера да го приватизирате наплатата на патарини сега во преоден период ќе ја превземе Агенцијата за државни патишта како што планирате, иако обврската е, имате уште две години. Уште две години Македонијапат, сте прифатиле пред Европската банка за обнова и развој да може да функционира како јавно претпртијатие. Уште една година може да опстои согласно старите законски одредби, ама и да врши наплата на патарините. Но, очигледно откако сега е јасно дека авантурата наречена бруто плата направи еден сериозен финансиски упад во Буџетот, намалени се износите и за придонесите за пензиско инвалидско осигурување и за другите задолжителни придонеси од Социјално осигурување, буџетот не се полни онака како што не убедуваше Славески, а доаѓаат избори. Ви остануваат две можности. Под итно или да ги спроведувате оние драконски санкции во сите полиња, или набрзина, на врат на нос, буквално да исприватизирате се што е од јавно претпријатие, ова го говорев и кога го менувавте Законот за Македонска радио дифузија, да се извлече, да се исцица секој денар и да оди не во буџетската, се плашам, буквално во партиската каса во пресрет на овие избори.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам.

Зачудува како нема никаков одговор на прашањата кои што беа поставени досега од моите колеги. Станува збор за многу сериозни прашања на кои што ние како пратеници засллужув аме одговор заради тоа што граѓаните кои што ние ги претставуваме во овој Собраниски дом, имаат право да ја знаат вистината што се случува со парите кои што Владата во нивно име ги троши.

Јас ве прашувам господине заменик министер, со оглед на тоа што во членот 3 предлагате поделбата во постојното Јавно претпријатие

Македонијапат да биде на два нови субјекти, акционерски друштва, ве прашувам кој го предложи ова, кој ја напрви ваквата проценка? Кој изврши анализа на колку ови акционерски друштва треба да се трансформира јавното претпријатие Македонијапат, и зошто ваквата информација ја нема ниту во образложениeто на законот, ниту пак во вашето излагање кое практично беше само читање на она што во образложението го имаме. Сега ми е јасно зошто рпатениците од парламентарното мнозинство не ги читаат законите. Го слушаат она што го читаат претставниците на Владата заради тоа што ниту еден нов дополнителен аргумент од она што го пишува во образложението на законот ние до сега не сме го слушнале од претставниците на власта, не само кој овој закон, по сите останати.

Значи, главното прашање е кој ја предложи ваквата трансформација? Дали е тоа желба пак на некоја работна група на министри во Владата, како што беше за универзитетот за информатички технологии, која што нема никаква врска со магистралните и регионалните патишта, а напротив само претставува одраз на некаква лична аспирација и желба на некој член на ВМРО ДПМНЕ, или пак станува збор за некаква сериозна анализа направена од некој официјален субјект за кој што ние не знаеме, меѓутоа имаме право да го дознаеме одговорот заради тоа што ваквото самоволно и избрзано решавање на одредени прашања од страна на Владата многу ги чини граѓаните на Република Македонија. Тоа до сега се покажало многу.

Ние имавме случаи многу законски решенија во ова Собрание да не бидат прифатени особено кога станува збор за проекти од страна на опозицијата, да биде инсистирано да има точна финансиска пресметка за законите кои што ги предлагаме. Ние тоа го направивме за прашањето за стечајците, за Законот за енергетска сиромаштија, имавме точна финансиска конструкција за тоа колку ќе ги чинат таквите закони граѓаните на Република Македонија. И покрај се, не беа прифатени од страна на парламентарното мнозинство, а имаше пари во буџетот, меѓутоа приоритет беа рекламите на Владата.

Сега се доведуваме во ситуација закон од 5 реда, да трансформираме јавно претпријатие без да знае Владата да не информира колку финансиски средства ќе ги чини граѓаните на Република Македонија ваквото трансформирање и тоа е благо речено несериозно од страна на Владата.

Во образложението на Предлог законот за земање заем за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, покрај она што го кажа г-ѓа Бендевска и г-динот Ќуркчиев се тврди и тогаш се тврдеше дека е итна потребата од склучување на ваков договор за да може да се почне со реконструкција и подобрување до 160 км. од регионалните патишта. Во изјавата која што г-динот Трајко Славески ја има дадено се вели дека од есента, значи крајот на 2008 година, ќе почне да се реализира проектот за поправка на регионални патишта, заради која земаме 120 милиони евра заем од Светската банка и од Европската банка за обнова и развој, замислете, за поправка на регионална патна мрежа во должина од 330 км. и на локални патишта во должина од 420 км. во Република Македонија и за тоа Владата планира годинава дополнително да потроши 12,8 милиони евра од Буџетот за овој проект. Значи 120 милиони евра заем согласно проектот се потребни официјално до 160 км. од регионалните патишта, а г-динот Трајко Славески ја манипулира јавноста и вели дека тие средства ќе бидат искористени за поправка на регионална патна мрежа во должина од 330 км. Јас се прашувам во овој случај кој ја говори вистината, дали Владата кога го потпишувала договорот со ЕБОР или г-динот Трајко Славески кој што можеби во функција на претстојните локални избори сака да покаже дека многу повеќе регионални и локални патишта ќе бидат поправани. Ако 120 милиони евра не се доволни или сметала Владата дека се доволни за 160 км. од регионалните патишта, дали тоа значи дека 12,8 милиони евра од Буџетот дополнително ќе бидат доволни за остатокот од оние регионални патишта кои ги најавил г-динот Трајко Славески.

Значи граѓаните на Република Македонија ваквиот авантуризам на Владата ќе ги чини речиси 140 милиони евра и граѓаните на Република Македонија имаат право да знаат кој ќе управува со тие пари и за што и зошто обврските кои ги преземала со одредени рокови не ги почитува, односно зошто на Владата и се брза обврски кои што треба да ги спроведе најдоцна за една година или најдоцна за две години, мора да ги направи сега на последната седница на Собранието пред престојните локални избори. Можеби одговорот е во член 4, каде што се вели дека планот за поделба на Јавното претпријатие Македонија пат ќе биде утврден, значи ќе се одвива врз основа на претходно проценетата вредност на државниот капитал, која замислете ќе ја утврдува независен овластен проценител избран јавен оглас. Јас мислам дека веќе и пилињата во Македонија знаат како проаѓаат јавните огласи кои ги распишува Владата на Република Македонија. Јас сум убедена дека веќе се знае кој е овој независен овластен проценител, кој што треба за потребите на ВМРО ДПМНЕ или за неколку луѓе во ВМРО ДПМНЕ да ја процени вредноста на државниот капитал на Јавното претпријатије Македонија пат онака како што одговара на група луѓе во ВМРО ДПМНЕ и убедена сум дека тоа ќе биде на штета и на вработените во Јавното претпријатие Македонија пат и на интересот на граѓаните на Република Македонија, заради тоа што единствената цел заради која што се предлага овој закон не е суштинска трансформација на Јавното претпријатие, туку колку е можно побрзо да се овозможи приватизација на акционерските друштва кои ќе се формираат денес, имајќи ја предвид поддршката на парламентарното

мнозинство, се со цел задоволување на нечии лични апетити во ВМРП ДПМНЕ. За жал, оваа Влада функционира на таков начин. Не функционира за да направи нешто за интересот и за доброто на сите граѓани на Република Македонија, туку напротив, само за да задоволи нечии лични интереси во ВМРО ДПМНЕ.

Затоа, г-дине заменик министер, вие должите многу одговори кои се надевам дека ќе ги добиеме, заради тоа што ако останете неми на оваа седница и не проговорите за овие прашања што ние ви ги поставуваме, само дополнително ќе дадете аргументи дека сме во право што се сомневаме дека ваквата трансформација е избрзана само во функција на партиските интереси во пресрет на локалните избори. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор г-ѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретсе-дателке.

Мојата колешка Славица Грковска Лошкова побара од заменикот министер да и одговори на многу поставени прашања и многу дилеми како пратеници овде што си ги поставуваме пред себе, но, не е крив заменикот министер. Тој нема да и одговори, затоа е пуштен овде во Собранието да го брани овој голем крупен проект, како впрочем што се случи и тоа со претходниот проект со Законот за факултетот, за Универзитетот за информатички технологии каде што за голем проект и практично зад кои што стои ВМРО ДПМНЕ, од кој што очекува, секако големи зделки, секогаш ги праќа замениците или оние кои што не се од нивните редови, се со единствена цел, тие овде да црвенеат, да не можат да одговорат на прашањата кои што нормално ние како пратеници ги поставуваме и ќе ги поставиме.

Прво, сакам да кажам дека како пратеничка група нема да го поддржиме донесувањето на ваквиот закон, затоа што сметаме дека овој закон е избрзан и овој закон е спротивен на многу акти според кои треба да биде донесен овој закон. Прво сакам да кажам дека нема да го поддржиме овој закон и секако претседателото на Собранието ако си го почитуваше својот Деловник и Деловникот на парламентарното мнозинство, поточно член 135, немаше да го стави на седница овој закон. Имено, според член 135 од Деловникот став 2 алинеја 3 и 4, Законот за да биде ставен во редовна процедура пред Собрание треба да има оцена на финансиските последици од Предлог законот врз Буџетот и другите јавни финансиски средства и процена на финансиските средства потребни за спроведување на Законот и начинот на нивно обезбедување, како и податоци за тоа дали спроведувањето на Законот повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

Од она што го имаме приложено во оцената на состојбата и секако оцена на финансиските последици се вели: Одредбите од Предлог законот ќе имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства, кои во моментот не можат да се определат. Ако во моментот не можат да се определат, тогаш овој закон не е пуштен во собраниска процедура или не ги исполнува условите кои се предвидени за да биде ставен во редовна процедура, а се предвидени во член 135. Овде го кршиме Деловникот за работа на Собранието кои што вие го донесовте и барате од нас да се придржуваме кон него, а и самите вие не се придржувате.

Втората работа заради која не го поддржуваме овој закон е што ВМРО ДПМНЕ крупните проекти секогаш ги прави со неколку членови од закон или измени на закон. Ако видовте, во претходниот проект за Универзитетот за информатички технологии се сведовте само на образложение дека ништо не се менувало туку се менувало само седиштето на Универзитетот, а практично се работи за тотално нов универзитет и тоа го правите со неколку члена. И овде исто така со 5-6 члена на Предлог на закон сакате да трансформирате едно претпријатие кое е многу значајно за Република Македонија, за граѓаните на Република Македонија, за околу 1.700 вработени во тоа претпријатие и секако за оние кои го граделе тоа претпријатие, бидејќи е јавно секако тоа се граѓаните на Република Македонија. Не може овде да поминеме без никаква анализа, без особена опстојна анализа на состојбите, со 6 члена да кажеме дека Јавното претпријатие Македонија пат ќе го трансформираме, ќе му извршиме поделба на две претпријатија, на два нови субјекти и тоа Акционерско друштво во државна сопственост за одржување, Акционерско друштво во државна сопственост, повторно потенцирам, за услуги на патиштата и сето тоа ќе биде направено врз основа, замислете, на план кој ќе си го направи самото Јавно претпријатие Македонија пат, а се знае кој е на чело на тоа Јавно претпријатие Македонија пат, секако, тоа се носители на функции во ова претпријатие кои се партиски членови на ВМРО ДПМНЕ, по наредба повторно на централата од ВМРО ДПМНЕ и секако тоа ќе го направи врз основа на проценета вредност на државниот капитал, а ќе врши проценка на вредноста овластен проценител кој ќе биде замислете избран на јавен конкурс или оглас, како што и досега гледаме како се врши избор по овие јавни огласи. Ваков несериозен однос кон една ваква сериозна институција, за мене Македонија пат да неречам институција, навистина пред избори и од ВМРО ДПМНЕ ако оди е премногу. Но не застанува тука, затоа потенцирав во државна сопственост. Ова е увертира, предигра на приватизацијата на ова претпријатие, затоа што откако ќе се трансформира Јавното претпријатие во Акционерско друштво во државна сопственост секако дава можност законот овде кој ќе го изгласа парламентарното мнозинство со членот 7 да може после согласно законите кои што важат во Република Македонија и Законот за трговски

друштва да се трансформира во приватна сопственост, односно да се приватизира.

Почитувани колеги, ние нема да соучествуваме и да дадеме изим на вакво да не речам зло дело од страна на ВМРО ДПМНЕ и да дозволиме ова претпријатие кое што со децении се градело од страна на граѓаните на Република Македонија да премине вака лесно “приватизирано” во рацете или можеби на самата ВМРО ДПМНЕ заради тоа што може да се јави и од името на ВМРО ДПМНЕ некој да биде и носител, односно да биде сопственик тој што ќе го приватизира приватното претпријатие, па за таа против услуга вечно да дава средства на оваа партија.

Да потсетам дека ова не е проект кој е започнат од денес, ова не е проект за кој така му текнало на ВМРО во овој момент, овој проект е многу поодамна. Да потсетам за оние кои што незнаат дека Јавното претпријатие Македонија пат како Јавно, тоа постоело многу поодамна, откако почнале секако да се градат патиштата со работни акции како што се автопатите “Братство - единство” итн. кои ги граделе граѓаните, но како јавно претпријатие е формирано 1998 година и тогаш имало 1200 вработени. Во 2002 година 1670 биле вработени, тогаш во 2002 година кога сме дошле ние како парламентарно мнозинство и нашата власт и тогаш за само 4 години од 1998 до 2002 година кога на власт било ВМРО ДПМНЕ ова претпријатие направило долг од 467 милиони денари, тогаш кога во Владата бил и сегашниот премиер Никола Груевски. Значи уште од тогаш од моментот кога се почнало со обезвреднување или со презадолжување на Јавното претпријатие се создаваат основи за реализација на ваквата идеја за трансформација, поточно речено за приватизација на Јавното претпријатие Македонија пат, но приватизација со тоа што ќе премине секако во рацете на ВМРО ДПМНЕ или на некој нивен висок поддржувач кој што подоцна секако ќе им се оддолжува за работата која што е завршена вака само со 3-4 члена и ќе финансира понатаму партијата и секако партиските структури.

Затоаа, почитувани колеги нема да го поддржиме овој закон. Затоа и предочуваме на јавноста што се случува и што е она, секако, ние не можеме да сопреме да го донесете законот, вие го имате парламентарното мнозинство, ќе го донесете, но ние сме должни да ја алармираме јавноста што се случува денес во Собранието на Република Македонија, што ќе се случува во иднина на ова Јавно претпријатие. Затоа освен еден пратеник на ВМРО ДПМНЕ гледам нема друг пријавен за збор, затоа што навистина нема аргументи со кои би се бранел овој закон.

Уште би сакала да додадам дека во Јавното претпријатие Македонија пат моментално има според моите сознанија, не знам дали е точна бројката, 1700 работници. Нека им е честито трансформацијата на овие 1700 работници која што сака да ја направи Владата, нека им е честото првиот чекор кон приватизација. Јас не знам што понатаму со нив ќе се случува, какви права тие ќе имаат од оваа трансформација, а и какви права ќе имаат граѓаните кои навистина вложувале во изградбата на Македонија пат.

Уште би сакала да кажам дека ниту во претходниот законски проект за Универзитет за информатички технологии добивме мислење од Одборот за акредитација, ниту денес добиваме мислење од Европската банка, од која што го земавме последниот кредит од околу 50 милиони евра, ниту од Светската банка од која што зедовме околу 70 милиони евра, а за оваа првата имавме обврска да дадеме на каков начин и кој ќе е патот за трансформација на ова претпријатие, тоа беше и условот за задолжување. Јас мислам очигледно оваа Влада, оваа власт, во намерите кои што си ги ставила пред себе ништо не ја запира и спроведува, но ќе видиме како ќе се одразат понатаму сите овие, како ќе се имплицираат врз граѓаните сите овие проекти кои што ги прави во името на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен г-динот Николоски Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Јас сакам само во еден дел да реплицирам, кој што го спомна колешката, а кој мене практично ме зачуди, тоа е ако можам да парафразирам следното: Беше од прилика кажано нешто во стилот дека Јавното претпријатие ќе се приватизирало, што самото по себе е со прашалници, но еве не сакам тој дел да го коментирам и дека, цитирам: “ќе го купело ВМРО ДПМНЕ или некој од врвот на ВМРО ДПМНЕ и за возврат вечно ќе го финансирало раководството или врвот на ВМРО ДПМНЕ”. Ова беше од прилика цитатот.

Јас сум петта година член на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ, тоа е врното извршно тело на партијата и сакам да ви кажам дека за разлика од СДСМ, на ВМРО ДПМНЕ односно на член на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ ниту може да му дојде ваква идеја, а камоли да ја реализира. Ама штом ја кажувате очигледно вас и ви доаѓала како идеја и сте ја реализирале и веројатно тој бил стил на работење на СДСМ во период кога беше на власт и затоа заврши како што заврши. Овој стил на работење на ВМРО ДПМНЕ со ова раковдтсво ниту постои ниту ќе постои. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам претседателе,

Подобра реплика на крајот во денов не можеше да се очекувам. Јас ништо не коментирам, само читам.

Член 7 од предложениот закон вели - ново основаните друштва настанати со

трансформација на Јавното претпријатие Македонија пат се организираат како акционерски друштва во државна сопственост со можност за нивна приватизација согласно со законот. Значи, не читате не следите и ако не ве известиле значи не сте во потесното раководство на ВМРО ДПМНЕ. Побарајте информации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Димевска Катерина, повелете.

**Димевска Катерина:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници.

Сакам да го изнесам и ставот нашата пратеничка група. Значи пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ќе даде подршка на Предлогот на законот за трансформација Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонија пат Скопје.

На почетокот би сакала заради информираност на јавноста уште еднаш да потеницирам дека се работи за прво читање на законски проект, дека се работи за зкон кој што ќе го имаме во фаза на второ читање после изборите согласно на она што значеше договор и согласно на она што значеше дека Собранието понатаму нема да работи и тука во целост ги демантирам шекулациите од почитуваните колеги кои што кажаа се брза пред избори да се донесе еден ваков законски проект. Значи, овој закон ќе го разгледуваме и ќе одлучуваме на второ читање понатаму. Сега само имаме можност да се изјасниме дали сме за потребата од донесување на ваков законски проект.

Исто така сакам да потенцирам дека овој закон да доби целосната подршка и на матичнот тело на Комисијата за транспорт и врски, а исто така на Законодавно-правната комисија.

И сега да преминам на онашто значи мое видување по однос на предложениот закон.

Со предлог законот се предвидува, во насока на овозможување и надминување на неповолните состојби во претпријатието и содавање на услови за неогово приспособување поврзани со пазарните услови на работење, еден ваков законски проект. Тука беа читани многу членови од закнот, така како што скаа да се презентраат од јавноста, меѓутоа, би сакала да го потенцирам следното:

Трансформацијата на Јавното претпријатие Македонија пат се врши со поделба на постојното претпријатие на два нови субјекти во државна сопственост. Значи, во државна сопствениост две акционерски друштва. Јасно и недвосмиелсено е изнесено дека ќе се изработи план за поделба, заради шпекулациите што беа изнесени дека се можни финансиски импликации за овој закон, меѓутоа не се потенцирани. Значи претходно треба да се изврши изработка на план за поделба кој ќе го изготви Јавното претпријатие Македонија пат, кој план ќе се изготви врз основа на претходно проценета вредност на државниот капитал и тоа на еден трнаспаренстен начин, утврдено од страна на независен овластен проценител избран на јевен конкурс. Јас не знам зошти и ова, од една од моите почитувани колешки, беше оценето како негативно видување. Значи, сакам да кажам дека согласно она што значи пропишани услови и критериуми во самиот закон во постапката на трнасформација на Јавното претпријатие Македонија пат, во членот 5 вели - имотот, средствата, вработените, правата и обврските на Јавното претпријатие Македонија пат ќе се поделат согласно планот за поделба од членот 4 на овој закон. Значи не се доведува во прашање опстојувањето и вработените на Јавното претпријатие за да не се создава паника и дилема што всушност тоа беше направено од колегите во нивните дискусии. Значи, почитуваните колеги сакаа уште еднаш во контекст на она што значи предизборие да претставаат една лоша слика за еден закон со кој што се има искрени намери да се подобри состојбата во ова јавно претпријатие кое што се наоѓа во незавидна состојба.

Уште еднаш би сакала да потенцирам дека овој законски проект ние како пратеничка група ќе го подржиме и се надевам дека понатаму сите оние забелешки кои беа произлезени, се разбира кои што имаат позитивни сугестии со оглед на тоа што се работи за прво читање на законот ќе бидат земени во предвид и ќе подготвиме еден законски проект кој што на еден најтранспарентен начин ќе ја направи трансормацијата на ова јавно претпријатие се со цел да се створат услови за понатаму да се прилагодува патната инфраструктура во Република Македонија и одржувањето на истата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Лошкова Грковска Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, мене ме зачудува како и вие и вашите колеги секогаш кога немате одговор на прашањата кое ние ги покренуваме по одредени законски решенија како аргумент го земате тоа дека законот е во прво читање, како да имате право како парламентарното мнозинство и Влада бидеќи е законот во прво читање се да може да има во тој закон и не е важно каков е, заради тоа што е прво читање. Во првото читање ние имаме право да добиеме одговори на прашањата кои ги покренуваме, заради тоа што од она што ние дадено тука како Предлог закон за трансформација на Јавното претпријатие очигледно се покренуваат многу прашања на кои што претставникот на Владата немаше одговор, ниту пак може да има јавно одговор заради тоа што овој закон ќе овозможи единствено корупција и нов скандал во Република Македонија заради тоа што работењето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во последните две ипол години ни дава сериозни документи да донесеме таков заклучок. Ниту еден независен, кој што требало да биде незавиден до сега од страна на Владата не излегол независен туку напротив партиски член на ВМРО-ДПМНЕ.

Ниту еден јавен оглас кој што треба да биде независен и на кој што требало да добие најдобриот не добил туку напротив добил партиски член на ВМРО-ДПМНЕ или близок до одредени луѓе во ВМРО-ДПМНЕ. И заради таквиот начин на функционирање на Владата на ВМРО-ДПМНЕ имаме право да се соменваме дека се ова што е тука напишано е во функција единствено да се направи брза приватизација на ЈП Македонија пат на штета на вработените, на штета на граѓаните на Република Македонија, а на сметка на личен интерес на некој партиски член на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Уште еднаш ќе потенцирам, секогаш зборувам во контекст на она што значи аргумент. Аргумент е и тоа дека навистина е во прво читање овој законски проект, аргумент е тоа и дека во самиот закон проценетата вредност ќе биде утврдена од страна на независен овластен проценител избран на јавен оглас. Ова е транспарентен начин на кој што ќе се изврши изборот и ценам дека ова така го работи оваа Влада во сите сегменти на своето опстојување, така го пропишува и во овој закон и така ќе ја спроведе и оваа трансфорамција.

Тоа е аргумент и внесено е во самиот закон. Она што значи сугестии и забелешки со оглед на тоа дека пак ќе потенцирам дека сме во прво читање има можност за корекции и мислења кои што сакаат да ги кажат претставниците од опозицијата се разбира на начин на кој што пропишува Деловникот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Колешке Димоска, навистина ја почитувам вашата работа како пратеник во Собранието на Република Македонија и знам дека апсолутно знаете за што се работи.

Значи не може да ви помине аргументот дека сте задоволни со законот бидејќи трансфорамацијата на Јавното претпријатие ќе предвиди две акционерски друштва во државна сопственост. Оти не е така. И вие знам дека го прочитавте и членот 6 и членот 7 и знаете дека ќе следи приватизација. И најмалку што е битен по мене битен е делбениот биланс. Тој ќе се направи. Битно е што потоа и еве вака јас замислувам.

Согласно Законот за концесии автопатите оваа Влада бидејќи така работи, ќе ги даде на некој приватен концесионер. Ќе имаме приватно претпријатие кој ќе ги одржува патиштата, приватно претпријатие кое ќе ги нуди услугите и сето тоа ќе биде вкорпурирано во цената на платата на патарината на приватниот концесионер. И тој да речеме, една патарина што сега изнесува 30 денари со право, заради што ќе има плус две приватни друштва ќе направи 300 денари. Граѓаните на Република Македонија за сме ја граделе патната инфраструктура немаат избор бидејќи може да се направи приватизација на патната инфраструктура само со еден начин, ако има алтернатива, ако има јавен пат макар и со пониски перфоманси, но кој ќе можат граѓаните да го користат, а не ќе можат да ја платат превисоката цена на патарините. Тука лежи зајакот, некој ќе печали, а на граѓаните, верувајте, со вакви трансформации на јавните претпријатија и нивна приватизација само ќе им го зголемиме она што значи влечење на средства од нивниот и така претенок џеб. И ако Владата до сега, колешке Димоска, апсолутно не нашла начин да го подобри животниот стандард на граѓаните, веќе на сите им е јасно, употребила 100 начина да им го загорчи, животот да им го направи понебезбеден, поскап. Драстичен животен пат доживува секој граѓанин во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Димевска Катерина, повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, на почетокот само сакам да ви се заблагодарам за вашите позитивни сугестии. Исто така ја ценам и јас вашата заложба која што ја давате во Парламентот, меѓутоа сакам да ви поставам само неколку прашања. Дали почитувана колешке, вие сакате добра инфраструктура во Република Македонија? Дали сакате трансферот да се извршува низ автопатишта кои што ќе личат и ќе бидат согласно на европските стандарди? Значи во таа насока се сите заложби што ги прави Република Македонија и сите измени и усогласувања на законите што ги прави Владата на Република Македонија со овие предложени закони.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комсијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно-правна комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Предлогот на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонија пат" Скопје е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки на седницата на Собранието да се достави до Комсијата за транспорт, врски и екологија и Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа 54 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба - второ читање**

Извештаите на Комсијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласање.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 54, воздржани нема, против гласаа 6 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен констатирам дека 48-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот)